**ЈАВНА УСТАНОВА ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА**
**" ФЕМО КУЛАКОВ" -НЕГОТИНО**



# ГОДИШНА ПРОГРАМА

**ЗА РАБОТА НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА**
**ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА "ФЕМО КУЛАКОВ" НЕГОТИНО ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

**СЕПТЕМВРИ,2022 ГОДИНА**

СОДРЖИНА

1. **Вовед**

1.1 Документи врз кои се заснова Програмата за работа на детската градинка
1.2 Лична карта на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “
1.3 Место и функција на дејноста за згрижување, воспитување и образование на децата од предучилишна возраст
1.4 Цели и задачи на дејноста за згрижување, воспитување и образование на децата од предучилишна возраст
1.5 Допринос на градинката во формирање на целокупната личност на детето
1.6 Досегашни резултати

**2. Услови за работа и организациона поставеност**

2. 1.Опис и локација на објектите

2. 2. Просторни услови

2.3. Опременост со основен инвентар, мебел, дидактика и играчки

2.4. Организациона поставеност

2.5. Работно време

2.6. Опременост на библиотека

2.7. Број на воспитни групи и број на деца

**Мисија на детската градинката**
**Визија на детската градинката**

**3. Организација на животот и работатат во детската градинка** ......

3.1.Организација на животот и работата со децата од 0 – 2 годишна возраст

3.2. Организација на животот и работата со децата од 2 – 6 годишна возраст

**4. Планирање и подготовка на воспитно-образовната работа**

**5. Стручна педагошка дејност на детската градинка**

5.1. Здраствена заштита на децата

5.2. Јавна и културна дејност

5.3. Соработка со родителите

5.4.Следење и унапредување на воспитно-образовната и згрижувачка дејност

5.5. Планирани проекти

5.6.Стручно усовршување на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар

5.6.1 План за професионален развој на давателите на услуги

5.6.2 Програма Социјална кохезија и културен дијалог

5.6.3 Професионални заедници за учење

**6 . План и програма на стручните тела**

6.1. План и програма на директорот

6.2. План и програма на педагогот

6.3 План и програма на психологот

6.4. План и програма на логопедот

6.5. План и програма на ликовниот педагог

6.6.План и програма на Совет на воспитувачите

6.7. План и програма на Совет на негователки

6.8 План и програма на Совет на родителите

6.9.План и програма на Советувалиште на деца и родители

**7. Вработени во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ - Неготино**

Врз основа на член 116 алинеја 2 и член 168 од Законот за заштита на деца ( Службен весник на СРМ бр 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 162/17,21/18,198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 104/19,146/19,275/19) и член 29 став 1 алинеја 2 од Статутот,Јавната установа-Општинска Детска градинка “Фемо Кулаков” Неготино, на седницата на Управниот одбор на ден 1, ја донесе годишната програма за работа која е доставена до Министерството за Труд и Социјална политика, до бирото за развој на образованието-Скопје, Совет на Општина Неготино и до Архивот на ЈУОДГ.

## 1. Вовед

Годишната Програма за работа со деца од предучилишна возраст представува документ од јавен карактер, кој што е усогласен со современите научни истражувања за значење на раниот детски развој, како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.

Фактот дека секое дете има свои интелектуални специфики и развојни потенцијали, бара негово поставување во партнерски односи со сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Развојните законитости кај секоја детска индивидуа претставуваат императив за потребата од осознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачките процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете. На тој начин се поттикнува потребниот дивергентен начин на мислење кај секоја индивидуа и се задоволува огромниот потенцијал на детето за осознавање и учење. Истражувањата кои се спроведувани во врска со децата покажуваат дека првите седум години од животот на детето се најважните години кога детето го стекнува своето воспитание и образование.Како дел од единствениот воспитно - образовен систем, предучилишното воспитание и образование е утврдено со Законот за заштита на децата, Законот за воспитание и образование на деца од предучилишна возраст кој е сложен комплексен процес. Тоа е период во кој се формираат основните квалитети на личноста од која зависи натамошниот развој на идниот човек.

На сите деца треба да им се овозможи оптимален развој, но притоа треба да се имаат предвид нивните возрасни и индивудуални карактеристики (во темпото на развој, способностите и интересите).

Па поради сето ова Програмата за работа на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ - ќе поаѓа од фактот дека раниот пристап со некоја форма на предучилишно воспитание и образование и долгорочните ефекти на таа образовна партиципација неминовно е

да остават белег на успех во целокупното понатамошно образование на секоја индивидуа.

Програмата се темели на следниве принципи :

- принцип на демократичност ( почитување на другиот )
- принцип на отвореност на воиспитно-образовниот процес ( отворени кон сите институции во кои живее детето, се развива и комуницира )
- принцип на еднакви можности и почитување на различностите помеѓу децата )
- принцип на мултикултурализам ( еднакви услови за оптимален развој на секое дете )
- принцип на следење и поттикнување на детскиот развој
- принцип на целосност и интегритет ( потреба од воспитно- образовно дејствување )
- принцип на индивидуализација
- принцип на критичко вреднување и активно учење.

### 1.1. Документи врз кои се заснова Програмата за работа на детската градинка

ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ – Неготино, организира и спроведува програми за нега, згрижување,воспитување,образување и исхрана на децата.Раното учење и развој се одвива во согласност со развојните способности и потреби на децата, како и социјалните, културните и други потреби на родителите, врз основа на Стандарди за рано учење и развој на децата од 0 – 6 години , Законот за заштита на децата и измените и дополнувањата на истиот Закон.

ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ е основана со Одлука за формирање на предшколска установа во град Неготино на 08.03.1960 год

Установата во својот состав брои 6 објекти и заеднички служби кои ја обединуваат целокупната дејност на градинката.Сите објекти се наоѓаат на територијата на Општината Неготино.Општа карактеристика на сите објекти е што истите се наменски и функционално изградени и во целост одговараат на нормативите и стандардите за објекти од овој вид.

Појдовни основи за изготвување на Програмата за работа на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ - Неготино во воспитната 2022/2023 год. се:

- Закон за заштита на децата (*Службен весник на РМ,бр.23/13, 12/14 и 44/14*);
- Одлуката за утврдување на мрежата на јавните установи за деца-детски градинки,донесена од Владата на РМ (*Службен весник на РМ,бр.28/05*);

- Програма за рано учење и развој базирана на СРУР*(Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014 година)*
- Стандарди за рано учење и развој за децата од 0-6 години;

### 1.2 Лична карта на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “

| | |
|---|---|
| Име на Детската градинка | ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ |
| Адреса, општина, место | Ул „КироКрстев“ бр 16 - Неготино |
| Телефон | 043 361 652 |
| Фах | 043 631 652 |
| Е-маил | femokulakov@gmail.com<br>femokulakov @ yahoo.com |
| Web site | www.gradinkanegotino.com |
| Јазик на кој се изведува | Македонски јазик |
| Број на објекти | 6 |
| Број на воспитни групи | 27 |

| | |
|---|---|
| Работно време на детската градинка | 5:00 – 17:00 часот |

**Структура на Детската градинка**

| | |
|---|---|
| Членови на управен одбор | **Име и презиме**<br>**1. Валентина Сакламаева**<br>**2. Милан Ризов**<br>**3. Катерина Тољкова Трајкова**<br>**4. Сања Дуракова Ганчева**<br>**5. Виолета Стојанова**<br>**6. Менча Ќупова**<br>**7. Крсте Поповски** |
| Членови на надзорен одбор | **Име и презиме**<br>**1. Тања Манева**<br>**2. Благица Павлова** |

| | |
|---|---|
| Стручен совет | 11 |
| Стручни работници | 3 |
| Стручни соработници | 3 |
| Совет на воспитувачи | 21 |
| Совет на негуватели | 36 |

**1.3 Место и функција на дејноста за згрижување, воспитување и образование на децата од предучилишна возраст.**

Згрижувачко-воспитната дејност на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ - Неготино, се реализира во согласност со законските одредби и современите принципи и методи на педагошко-психолошката наука и современите искуства на практиката во Републиката и пошироко.

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишна возраст претставува концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизни принципи од причина што овој сегмент од детското воспитание и образование е од голем општествен интерес.

Имајќи ги во предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања на тоа поле, во нашата градинката во текот на 2022/23 година примарно се предвидуваат следните стратегии и педагошки акции:

- поддржување на воспитниот кадар во имплементирање и спроведување на суштинското и содржинско значење на стандардите за рано учење и развој кај децата до 6 години;
- обезбедување на материјални услови за непречено водење на педагошката евиденција и документација според пропишаните насоки, како во пишана, така и во електронска форма;
- поддржување на воспитниот кадар во спроведување на практиката за водење на Досие на дете и обезбедување на значајни информации за напредокот на децата на семејството;
- имплементирање на позитивни искуства од надвор со што на родителите ќе им се понуди повисок квалитет на услуги кон нивните деца;
- вклучување на деца со посебни образовни потреби во редовните групи, создавање на услови за градење на инклузивни занимални;
- координирање, организирање и насочување на работата во сите објекти со правилно, рационално и квалитетно организирање на работата во секој можен сегмент;

-натамошно усовршување на процесот на опсервација заради зајакнување и надградување на индивидуалната работа и поуспешно планирање на воспитно-образовниот процес;
-изнаоѓање нови форми и начини на инволвирање на родителите во институционалното воспитно-образовно делување, што би се рефлектирало и на семејното воспитување;
- интензивирање на педагошката едукација на родителите преку Советувалиштето за деца и родители;
- надградување на процесот на стручно усовршување на кадарот;
- реализирање на активности во насока на модернизација на работата на стручниот кадар;
- работа на целосна, детална и квалитетна реализација на проекти предложени од страна на МТСП на Р.М.
- реализирање на манифестации и случувања кои непосредно би ја одразувале и презентирале како работата со децата, така и оној дел од активностите кој ја претставуваат целокупната работа на установата;
- анимирање, организирање, насочување и едуцирање на родителите во насока на развивање здрави навики кај децата, здрав начин на исхрана и здрав начин на живот;
- планирање и реализирање на хуманитарни активности;
За успешна реализација на планираните активности предвидени со овој документ, потребно е вклучување на сите фактори од општественото живеење како: соработка со родителите; соработка со научните установи; една од најважните алки е соработката со локалната самоуправа која би требало да биде организатор и носител на одредени активности и важни за работата и спроведувањето на програмата; соработката со МТСП, МОН, БРО и другите институции ќе продолжи во насока на имплементирање на новите прописи, правилници за работа со цел унапредување на работата на нашата установа.

### 1.4 Цели и задачи на дејноста за згрижување, воспитување и образование на децата од предучилишна возраст

При поставувањето на барањата за организирање на животот во предучилишната установата за целодневен престој на децата,се поаѓа од целите на воспитанието воопшто и од улогата на детската градинка во организирањето на заедничкиот живот на малите деца. Развојот на предучилишното дете е процес кој што е сложен и бара активно влијание на творечкото однесување.

Тргнувајќи од оваа цел, целта на предучилишното воспитание и образование е во сообразност со педагошко-психолошките сознанија и општествените можности на најмладата генерација, да и обезбеди услови за

здраво и среќно детство, за оптимален физички интелектуален,емоционален, социјален и морален развој и за нејзино натамошно успешно воспитание и образование. Основната цел на Предучилишното воспитание и образование е да го одгледува, поттикнува, насочува и облагодарува сестраниот развој на детската личност во сообразност со психофизичките карактеристики и индивидуалните можности на детето. Во таа насока се планираат да се реализираат и целите зацртани во Програмата за рано учење и развој :

- развој на моторни вештини, способност за координација на телото и одржување на рамнотежа, свесност за сопстеното тело и односот на телото со останатите предмети во околината, развој на фина моторика и манипулативни вештини преку воспоставување на контрола на шаките и прстите, користење на сетилните орхани за координација на движењето како и разбирање на ваѓноста за одржување на сосптвеното здравје и благосостојба
- развој на социјални вештини и способности за индивидулано функционирање како и функционирање во група со возрасани и врсници
- развој на чувство за почит и прифаќање на различни култури и почит кон сосптвената култура
- развој на сопствениот идентитет,автономија и чувство на самодоверба
- стекнување на вештини за самоконтрола и разрешување конфликтни ситуации како и превземање на
- одговорност за следење на правила на однесување
- потикнување на љубопитноста , иницијативноста , кретаивноста и истрајноста преку разни начини на изразување како што е играта, пеењето , музиката и драмските изразувања
- развој на комуникациски вештини преку слушање и разбирање на говорниот јазик, раскажување и искажување на своите идеи и мисли , збогатување на речникот , способност за игра со зборови и зајакнување на интересот кон печатени материјали симболичко читање и разбирање на јазичните симболи и појава на рана писменост
- развој на вештини за откривање на математичките концепти на броеви, мерки, и форми во контекст на секојдневни активности како и ориентација во простор и време
- развивање на способности и вештини за истражување и експериментирање

### 1.5 Допринос на градинката во формирање на целокупната личност на детето

Организацијата на работата во градинката е таква да примарно се води сметка за детските знаења, за надворешниот свет, за физичката и социјалната средина и примарно за нивното постоење и детската личност.
Поимот за себе е примарно социјален феномен бидејќи се формира во интеракција со другите луѓе. Родителите како најблиски и први учесници во интеракцијата даваат прв пример кој претставува основа на понатамошниот развој за развивање на целокупната личност, затоа и присуството на родителите во градинката и односот родител-воспитувач е од голема важност за детето.Од големо значење се збиднувањата кои течат во секојдневната комуникација на децата и воспитувачот и тоа почнувајќи од неговото влегување во градинката. Тоа лично обраќање е социјално огледало кое му кажува дека е во социјална средина. Во комуникацијата со возрасните детето добива разни пораки за себе, каде што емотивниот и вредносниот елемент имаат силен ефект.

#### а)Физички и сензомоторен развој на детето

Предучилишната возраст се карактеризира со интензивно растење и развој на детскиот организам, затоа предучилишната установа со уредувањето и рационалното користење на просториите и опремата, според хигиенските барања и норми, преку утврден распоред на денот според правилна и квалитетна исхрана, користење на сонцето, воздухот и водата, овозможува правилен физички и сензомоторен развој на детето. Со користење на основната детска активност-играта и елементарните телесни вежби, се придонесува за развој на основните движења-спретност, точност и одмереност.

#### б)Социјално-емоционален развој на детето

Преку организираното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, им се овозможува правилен социјално-емоционален развој, односно се пружат можности да детето во оваа средина се чувствува задоволно, среќно и спонтано ги изразува своите чувства кон светот што го опкружува. Исто така се овозможува предучилишното дете се социјализира, да ги учи основните норми на однесување. Им се овозможува на децата да научат да умеат да ги откриваат, проценуваат и разликуваат сопствените чувства кај другите.

**в)Сознајно-интелектуален развој на детето**

Со организираното предучилишно воспитание и образование, се влијае врз формирањето основните, културните, хигиенските и работни навики и умеења, се подржува и облагодарува природната љубопитност на детето кон светот што го опкружува и му помага да го збогати и творејќи да го изрази своето лично искуство.

Се подржуваат интересите на детето за создавање и учење и се развиваат и облагодаруваат перцептивните, сознајните способности на детето(забележување,замислување,согледување и др.) Меѓу другото се овозможува кај децата да се постават основите на елементарното математичко-логичко размислување и заклучување, се развиваат комуникативните способности на детето, а особено да се овозможи детето да го совлада култивираниот говор.

### 1.6 Досегашни резултати

Досегашните резултати од претходната година со реализацијата на Програмата за рано учење и развој ги оствариja вредностите и очекуваните компетенции кон децата. Се постигнаа :

- Добра физичка кондиција , кординација и манипулативни вештини
- Способност за примена на здрави и безбедни практики
- Самодоверба и добро однесување во интеракција со околината , возрасните и врсниците
- Почитување на сличностите и разликите во заедницата
- Слушање и разбирање на говорниот јазик
- Интерес кон читање и пишување
- Прифаќање на јазичните и културолошки разлики
- Способност за стекнување на вештини и знаења преку истражување, решавање на проблемски ситуации и критичко мислење
- Упорност, посветеност , иницијативност во пристапот кон учењето

Продолживме со унапредување на воспитно-образовниот процес во сите сфери од дејноста. Планирањето и реализирањето на воспитно-образовната дејност досега одлично се остваруваше. Тематското планирање беше успешно планирано и реализирано поаѓајќи од развојните домени на децата а почитувајќи ги потребите, можностите и интересите на децата во конкретната воспитна група.

Подготовка на проекти и реализација на проектни активности, промотивни настани и соработка со општествените институции, беа дел од реализацијата во текот на годината, но со намален капацитет поради почитувањето на протоколите.

Според меѓународната конвенција за правата на децата стои и правото дека секое дете треба да биде воспитувано, образувано и прифатено од заедницата затоа ние и понатаму деца со посебни потреби ги инклузираме во нашите занимални заедно со другите деца.
Покрај тоа стручната служба на установата преку семинари и работници во рамките само на установата настојува постојано да го унапредува воспитно-образовниот процес
Јакнењето на работата на советот на родители ќе настојуваме да продолжи и понатаму.

## 2.УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

### 2. 1.Опис и локација на објектите

Нашата општина располага со една Јавна установа за деца општинска детска градинка "Фемо Кулаков", која опфаќа три објекти и тоа објект **"Мајски Цвет"** , објект **"Пролет"** и „**Темјанушка„**. кои се лоцирани во градот и 3 (три) објекти во други просторни услови с.Тремник,с.Криволак и с.Пепелиште.

Капацитетот на градинката во Неготино и околината изнесува вкупно **596** деца во шест објекти и располага со 31 занимални. Во објектите во установата има вкупно пет занимални за деца од 0-2 години и 26 занимални за деца од 2 – 6 години , по една сала која е мултифункционална. Во групите во други просторни услови , во с.Криволак „група „Ѕвончиња , Пепелиште ,објект „Зајачиња и Тремник - група „ Пчелки "има по една занимална за деца од 2 – 6 годишна возраст. Во тек е доградба на уште една занимална во с. Тремник.



Објектот “Мајски Цвет” се наоѓа , на ул Киро Крстев бр 16, е централна градинка, лоцирана над градскиот стадион. Објектот е нормативно и наменски граден и одговара на потребите на децата. Истиот е од тврда градба и во состав на објектот е централната кујна, опремена со HASAPP стандарди која секојдневно подготвува храна за сите деца во сите 5 објекти како и за корисниците од Народната кујна. Со специјално возило секојдневно се дистрибуира храната во останатите објекти

Капацитетот на “Мајски цвет” изнесува 180 деца,а во него се запишани - **184деца** со целодневен престој. Објектот располага со површина од 1465,95 $m^2$и дворна површина од 3080 $m^2$

Објектот располага со 9 занимални, односно децата од 9-24 месечна возраст се сместени во 1 занимална, а останатите 8 занимални се адаптирани за деца од 2 до 6 години.

Материјално техничките услови во објектот “Мајски Цвет” овозможуваат идеални услови за напречено одвивање на воспитно-образовната дејност и за престој на детето од 11 часа дневно.

За децата од јаслена возраст просторијата има посебен санитарен чвор и една чајна кујна. Занималната е светла, просторна и опремена со соодветен мебел, дидактика и играчки кои одговараат на потребите на децата од оваа возраст. Занималната е опремена со дрвени кревечиња и јоги кои што се антиалергиски. Пред просторијата има мала тераса и простор во дворот за безбеден престој на децата на чист воздух, од оваа година има поставено лулашки во дворот .

Останатите осум занимални се користат за сместување на деца од 2-6 години, кои се исто така светли, просторни и опремени со соодветен мебел, дидактика и играчки кои одговараат на потребите на децата од соодветната возраст. Опремени се со соодветни нови шкафови за рекс креветчиња, со комплетната дидактика во занималните и лулашки во дворот.

Во објектот “Мајски Цвет “има сала која се користи за повеќе намени и тоа за организирање и реализирање на прослави и приредби, организирање на родителски средби, реализирање на физички активности и заедничко дружење на децата. Занималните се климатизирани и престојот на децата во летниот период е пријатен.

Програмската учебна година ја започнавме со следните групи :

- ☺ 0 – 24 месеци – една воспитна група
- ☺ 2 - 3 години - две воспитни групи
- ☺ 3 – 4 години – две воспитни групи
- ☺ 4 – 5 години – две воспитни групи
- ☺ 5 – 6 години – две воспитни групи

Објетот **Пролет** е лоциран во населбата Саат кула на ул.Ленинова бр.14. Објектот располага со корисна површина од 1 302 м2 и дворна површина од 4080 м2, нормативно и наменски граден и одговара на потребите на децата.



Капацитетот на ,,Пролет „ изнесува **180** деца и  располага со 9 занимални. запишани **179** деца.Објектот располага со 9 занимални, односно децата од 9-24 месечна возраст се сместени во 1 занимална, а останатите 8 занимални се адаптирани за деца од 2 до 6 години.
Материјално техничките услови во објектот "Пролет" овозможуваат идеални услови за непречено одвивање на воспитно-образовната дејност и запрестој на детето од 11 часа дневно. Занималните се климатизирани во целост со што се овозможуваат поволни климатски услови во текот на летниот период. Пред секоја просторија има мала тераса и простор во дворот за безбеден престој на децата на чист воздух.

Во објектот "Пролет" има сала која се користи за повеќе намени. Истата сала ја користиме како трепезарија за организирање и реализирање на прослави и приредби, организирање на родителски средби, реализирање на заедничко дружење на децата.

И занималните за деца од јаслена возраст се опремени со  нови дрвени креветчиња кои се еколошки и кои одговараат по стандардите за оваа возраст .

Програмската учебна година ја започнавме со следните групи :

- ☺ 0 – 24 месеци – една воспитна група
- ☺ 2 - 3 години - две воспитни групи
- ☺ 3 – 4 години – две воспитни групи
- ☺ 4 – 5 години – две воспитни групи
- ☺ 5 – 6 години – две воспитни групи

Објектот „**Темјанушка„** се наоѓа на улица „Станко Франц Пипан 5А . Објектот е со површина од 1587,40м2, и ограден двор од 1622,00м2. Капацитет на објект „Темјанушка „е 161 дете и располага со 9 занимални , две занимални од 0- 2 години ,и 7 занимални од 2 – 6 години.Во периодот што следува во овој објект запишани се **109** деца.



Програмската учебна година ја започнавме со следните групи :

- ☺ 0 – 24 месеци – две воспитна група
- ☺ 2 - 3 години - една воспитни групи
- ☺ 3 – 4 години – една воспитни групи
- ☺ 4 – 5 години – една воспитни групи
- ☺ 5 – 6 години – една воспитни групи

Во согласност од МТСП од 2013 г. започнаа со работа три групи во други просторни услови, поточно во селата Пепелиште, Криволак и Тремник. Просториите се опремени со соодветна опрема и дидактика. Овие групи до

воспитно образовната 2018/2019 работеа со полудневен престој, а од 2020 па наваму работат со целодневен престој. Просториите се во склоп на основните училишта.Оваа учебна година поради зголеменaта потреба за згрижување на поголем број на деца и големата листа на чекање во с. Тремник се проширува капацитетот за опфат на предучилишни деца. Имено досега децата беа сместени во мала училница во склоп на ООУ „ Гоце Делчев “ Сега се реновираат две простории кои се во сопственост на ЛС и се очекува технички прием за да отпочне со работа .

(групи во други просторни услови )



Објект- „Ѕвончиња“ село Криволак(групи во други просторни услови )



Објект- „ Пчелки “ село Тремник (групи во



Објект- „ Зајачиња “ село Пепелиште (групи во други просторни услови )

Вкупниот капацитет во ЈУОДГ„ Фемо Кулаков „- Неготино изнесува **596** деца.

## 2. 2. Просторни услови

а)*Простории за згрижување и воспитно-образовна дејност*

**“МАЈСКИ ЦВЕТ”**

| р бр. | Вид на просторија | Бр. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Занимални детски јасли | 2 | 64.60 | |
| 2. | Спални детски јасли | - | - | |
| 3. | Занимални детска градинка | 7 | 368.70 | |
| 4. | Спални детска градинка | - | - | |
| 5. | Фискултурна сала | 1 | 62,50 | |
| 6. | Библиотека | - | - | |
| 7. | Посебни простории за шување на аудиовизуални средства | - | - | |
| 8. | Други простории | - | - | |
| | Вкупно: | 10 | 495.80 | |

**“ПРОЛЕТ”**

| Р.Бр | Вид на просторија | Бр. | $m^2$ | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1. | Занимални детски јасли | 2 | 158 | |
| 2. | Спални детски јасли | - | / | |
| 3. | Занимални детска градинка | 7 | 300,50 | |
| 4. | Спални детска градинка | - | - | |
| 5. | Фискултурна сала | 1 | 62,50 | |
| 6. | Библиотека | - | - | |
| 7. | Посебни простории за чување на аудиовизуални средства | - | - | |
| 8. | Други простории | 1 | 17,20 | |
| | Вкупно: | 11 | 538,20 | |

## „Темјамнушка„

| Р.Бр | Вид на просторија | Бр. | $m^2$ | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 1. | Занимални детски јасли | 2 | 118,40 | |
| 2. | Спални детски јасли | - | / | |
| 3. | Занимални детска градинка | 7 | 460,80 | |
| 4. | Спални детска градинка | - | - | |
| 5. | Фискултурна сала | 1 | 202,20 | |
| 6. | Библиотека | - | - | |
| 7. | Посебни простории за чување на аудиовизуални средства | - | - | |
| 8. | Други простории | 1 | 122,90 | |
| | Вкупно: | 11 | 904,30 | |

## ГРУПИ ВО ДРУГИ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ

| Назив на објектот | Број | Капацитет | | Површина на објектот | Површина на дворно место |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| | | Бр.гр. | Бр. деца | | |
| Ѕвончиња Криволак | 1 | 1 | 27 | 120м2 | / |
| Зајачиња Пепелиште | 1 | 1 | 27 | 120м2 | / |

б) а)*Простории за општествено педагошка дејност*

**“МАЈСКИ ЦВЕТ”**

| Р.Бр | Вид на просторија | Br. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за директор | 1 | 19,95 | |
| 2. | Просторија за педагог-психолог | 1 | 15,20 | |
| 3. | Просторија за медицинска сестра | 1 | 16,70 | |
| 4. | Просторија за воспитен тим | 2 | 18,19 | |
| 5. | Просторија за културноумет.пр. | 1 | 52,50 | Фискулту. Сала |
| | Вкупно: | 5 | 101,84 | |

**“ПРОЛЕТ”**

| Р.Бр. | Вид на просторија | Бр. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за директор | - | - | |
| 2. | Просторија за педагог-психолог | 1 | 12,50 | |
| 3. | Просторија за медицинска сестра | 1 | 7,30 | |
| 4. | Просторија за воспитувачи | 1 | 24,00 | |
| 5. | Просторија за културно умет.пр. | 1 | 69,50 | |
| 6. | Просторија за ликовен педагог | 1 | 14,30 | |
| | Вкупно: | 5 | 127,60 | |

## „Темјанушка „

| Р.Бр. | Вид на просторија | Бр. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за директор | - | - | |
| 2. | Просторија за педагог-психолог | 1 | 14,50 | |
| 3. | Просторија за медицинска сестра | 1 | 19,80 | |
| 4. | Просторија за воспитувачи | 1 | 23,40 | |
| 5. | Просторија за културно умет.пр. | 1 | 202,20 | |
| 6. | Просторија за ликовен педагог | 1 | - | |
| | Вкупно: | 5 | 387,5 | |

в)*Простории за здравствени санитарни потреби и други помошни простории*

**“МАЈСКИ ЦВЕТ”**

| Р.Бр. | Вид на просторија | Бр. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за прием и испр.на деца | 3 | 46,30 | |
| 2. | Просторија за лекарски преглед | 1 | 17,75 | |
| 3. | Кујна | 1 | 165,70 | |
| 4. | Трепезарија | 1 | - | Фискултур. Сала |
| 5. | Ходници | | 265,50 | |
| 6. | Скали | | 23,00 | |
| 7. | Скривница | 1 | 86,60 | |
| 8. | Санитарни јазли | | 101,25 | |
| | Вкупно: | | 700,10 | |

**“ПРОЛЕТ”**

| Р.Бр. | Вид на просторија | бр. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за прием и испр.на деца | 3 | 16,70 | |
| 2. | Просторија за лекарски преглед | | 14,60 | |
| 3. | Кујна | 1 | 20,50 | |
| 4. | Трепезарија | 1 | 69,50 | |
| 5. | Ходници | | 183,75 | |
| 6. | Скали | | 15,40 | |
| 7. | Скривница | 1 | 50,60 | |
| 8. | Санитарни јазли | | 48,90 | |
| | Вкупно: | | 419,60 | |

**„Темјанушка„**

| Р.Бр. | Вид на просторија | бр. | М$^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за прием и испр.на деца | 3 | 176,70 | |
| 2. | Просторија за лекарски преглед | 1 | 34,50 | |
| 3. | Кујна | 1 | 51,90 | |
| 4. | Трепезарија | | - | |
| 5. | Ходници | | - | |
| 6. | Службен влез и други помошни влезови | 3 | 40,30 | |
| 7. | Перална | 1 | 13,00 | |
| 8. | Санитарни јазли | 9 | 95,50 | |
| 9. | Магазин | 1 | 7,90 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Котлара со склад за гориво | 1 | 80,70 | |
| 11. | Просторија заЉ централна климатизација | 1 | 7,10 | |
| | Вкупно: | | 507,6 | |

| Назив на објектот | Бр. на работни соби | Бр. На помошни работни соби | ВКУПЕН БРОЈ |
|---|---|---|---|
| „Ѕвончиња„Криволак | 1 | 3 | 4 |
| „Зајачиња„ Пепелиште | 1 | 3 | 4 |
| „Пчелки„Тремник“ – во | 2 | 4 | 6 |

г)*<u>Дворни и други површини</u>*

**“МАЈСКИ ЦВЕТ”**

| Р,Бр | Вид на површина | $m^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Уредени дворни површини | 2560 | |
| 2. | Неуредени дворни површини | - | |
| 3. | Уредени детски катчиња со играчки, спортски реквизити | 520 | |
| | Вкупно: | 3080 | |

**“ПРОЛЕТ”**

| Р.БР. | Вид на површина | $m^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Уредени површини | 3800 | |
| 2. | Уредени детски катчиња со играчки,спортски реквизити | 280 | |
| | Вкупно: | 4080 | |

## „Темјанушка„

| Р.БР. | Вид на површина | $m^2$ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | Уредени површини | | |
| 2. | Уредени детски катчиња со играчки,спортски реквизити | | |
| | Вкупно: | 1622,00 | |

## 2.3. *Опременост со основен инвентар , мебел, дидактика и играчки*

### 2.3.1 Опрема и мебел за деца од детски јасли

Опремата и мебелот за децата од детски јасли во трите објекта од Јавната установа-Општинска Детска градинка “Фемо Кулаков” од Неготино ги задоволува потребите на децата како и нормативите кои се предвидени за нив. Во занималните за детски јасли во кои што се сместени деца од 9-24 месеца има доволно широк простор за слободно лазење и одење на децата, но според дадените нормативи со законот за детска заштита. Има доволен број на креветчиња како и ормани во кои се сместени пелените и играчките на децата. Секоја занимална има свој санитарен јазол, опрема и бојлер за редовна хигиена на малото дете.

Секоја занимална има мала тераса и заграден простор во дворот за безбеден престој на децата на чист воздух,од оваа година секоја тераса има лулашки за децата .

### 2.3.2. Опрема и мебел за децата од детската градинка

Просториите кои се предвидени за користење за децата од 2-6 години во трите објекти се добри и одговараат за потребите и нормите кои се предвидени. Светли се и пространи, имаат пространи плакари, масички, столчиња, креветчиња соодветни катчиња за игра и учење. Шкафовите за рекс креветчиња и дидактика.

### *2.3.3. Играчки и дидактички материјал*

Играчките и дидактичкиот материјал предвиден според стандардите и нормите за децата од различна возраст ги задоволуваат барањата. Опремени се сите занимални со играчки и дидактика за потребите на децата во трите објекта.

### 2.3.4. Организациона поставеност

Во установата се застапени следниве профили кои ја извршуваат раководната, стручната, административно- техничката и непосредната згричувачка и воспитно-образовна работа кои се носители на дејноста .

Табела : Преглед на број на вработени според профил на стручност

| Профил на стручност | Вид на образование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС | 1 | Определено (до истек на мандат ) |
| Педагог | ВСС | 1 | Неопределено |
| Дефектолог - логопед | ВСС | 1 | Неопределено |
| Социјален работник | ВШС | 1 | Неопределено |
| Психолог | ВСС | 1 | Неопределено |
| Ликовен соработник | ВШС | 1 | Неопределено |
| Медицинка сестра – приправник | ВСС | 1 | Неопределено |
| Советник Сметководител | ВСС | 1 | Неопределено |
| Советник секретар | ВСС | 1 | Неопределено |
| Воспитувач | ВСС | 13 | Неопределено |
| Приправник Воспитувач | ВСС | 1 | Неопределено |
| Воспитувач | ВШС | 3 | Неопределено |
| Воспитувач | ВСС | 3 | Договор на дело |
| Неговател | ССС | 22 | Неопределено |
| Неговател | ССС | 15 | Договор на дело |
| Главен готвач | ССС | 1 | неопределено |
| Пом.готвач | ССС | 2 | Неопределено |
| Садоперачка | НСС | 2 | Неопределено |
| Магационер | ССС | 1 | Неопределено |
| Хигиеничар | НСС | 7 | Неопределено |
| Хигиеничар | НСС | 3 | Договор на дело |
| Хаус мајстор | КВ | 2 | Неопределено |
| Градинар | НСС | 2 | Неопределено |

### 2.5. Работно време за воспитувачи и негователки

Работната недела во Градинката се остварува во рамките на 40 часа во текот на работната недела. Распоредот на работното време во нашата ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ е согласно Законот за заштита на децата и Колективен договор за јавните установи за деца во дејноста згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст и во дејноста одмор и рекреација на децата(Службен весник на РСМ број 133/2019).

Работното време е распоредено на 5 работни дена во неделата од понеделник до петок .
Работното време на работникот изнесува 40 часа во работната недела(полно работно време).

Работното време заради природата на работата,за воспитувачот и негователот се прераспределува на работно време поминато со децата и останато работно време за други програмски активности.
**Воспитувачите**треба на воспитните работи во групите да поминат 30 часа неделно,а другите активности да ги извршат во рамките на распоредот до полното работно време односно 40 часа во една работна недела.
Работното време на воспитувачот во група работа со деца е од 07 до 13,30 часотили 6.30 до 13.00 во градинката вклучувајќи ја и предвидената пауза согласно Законот за работни односи , а остатокот од работното време до полното работно време за остварување на други програмски активности

Структура на 40-часовна работна недела на воспитувач
1. Непосредна работа со деца 5 дена x 6 часа.....................= 30,0 часа
2. Подготовка и планирање
а) Месечно планирање –тематско планирање и валоризација = 0,5 часа
б) Дневна евиденција ........................................................... .= 0,5 часа
в) Дневно планирање и припрема на материјал за работа.........= 5 часа
5 дена по 1 саат =5 часа вкупно = 36 часа

3. Дневен одмор ...........(5 дена x 0,5 часа ) ............................ = 2,5 часа
4. Соработка со родители,општествената средина,
стручно усовршување и уредување на информативни
катчиња во просторот ............................................................= 1,5 час

ВКУПНО: 1 + 2 + 3 + 4.................................................................. = 40 часа

- работното време на згрижувачкиот кадар- **<u>негователките</u>** е 35 часа работна неделаработа со деца, а другите активности да ги извршат во рамките на распоредот до полноторaботно време односно 40 часа во една работна недела. Работното време на негователките со деца од 0 – 6 години е зависно потребите, односно од 8.00 до 15.30ч и , а останатото време е во градинката за уредување на просторијата каде престојуваат децата, евиденција, уредување на катчињата, дезинфекција на детските катчињата и играчките, изработка на слики или апликации по барање на воспитувачот, естетско уредување на внатрешниот простор во објектот и сл.

Негователките кои работат со деца од најмалата предучилишна возраст работат во две смени .Прва смена од 06 часот, односно од 6.30 до 13.30. а втора смена од 8.00 до 15.30 односно од .

Структура на 40-часовна работна недела на згрижувачкиот кадар
1. Непосредна работа со деца 5 дена x 7часа.......................= 35,0 часа
2. Уредување на просторот по испраќање на децата ............ = 0.5 часа
3. Соработка со родители,општествената средина,стручно усовршување и евиденција .................................................... =0.5 часа
4. Уредување на просторот каде престојуваат децата(екстериер и интериер),замена на веш,изработка на апликации,дидактички материјали, дезинфекција на катчињата и дидактичкиот материјал.........................................................................=1.5час
5. Дневен одмор ...........(5 дена x0,5часа ) ............................ = 2,5 часа
ВКУПНО: 1 + 2 + 3 + 4...............................................................= 40 часа
(0.5 часа од дневниот одмор на децата-додека спијат децата се користи за изработка на апликации, дидактички матерјали,стручно усовршување и сл)

Работното време на административниот и технички персонал е 40 часа работна недела во установата, вклучувајќи ја предвидената пауза од 30 минути.

### *2.6. .Библиотека*

Јавна установа-Општинска Детска градинка “Фемо Кулаков” располага со стручна литература и тоа:

а) стручна литература и стручни списанија за згрижувачкиот и воспитно-образовниот кадар и стручните работници.

б)литература за деца и детски списанија

Располагаме со доста голем број на сликовници,но бидејќи тие се потрошен материјал,на нив точен број неможеме да кажеме.[i]Се трудиме постојано да ја збогатуваме нашата библиотека со нова публикација

### *2.7. Број на воспитни групи и број на деца*

**Објект "МАЈСКИ ЦВЕТ"**

| Воспитни групи | Вкупно по договор | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| Јасли | 15 | 10 | 5 |
| 2-3 години /1 | 17 | 9 | 8 |
| 2-3 години /2 | 17 | 7 | 8 |
| 3-4 години /1 | 20 | 10 | 10 |
| 3-4 години /2 | 20 | 10 | 10 |
| 4-5 години /1 | 24 | 13 | 11 |
| 4-5 години /2 | 24 | 14 | 11 |
| 5-6 години /1 | 23 | 9 | 14 |
| 5-6 години /2 | 24 | 9 | 16 |
| **ВКУПНО :** | **184** | **91** | **93** |

**Објект "ПРОЛЕТ"**

| Воспитни групи | Вкупно деца по договор | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| Јасли | 15 | 4 | 11 |
| 2-3 години /1 | 14 | 4 | 10 |
| 2-3 години /2 | 15 | 6 | 9 |
| 3-4 години /1 | 22 | 11 | 11 |
| 3-4години /2 | 22 | 11 | 11 |
| 4-5 години /1 | 24 | 14 | 10 |
| 4-5 години /2 | 25 | 15 | 10 |
| 5-6 години /1 | 21 | 15 | 6 |
| 5-6 години /2 | 21 | 12 | 9 |
| **ВКУПНО :** | **179** | **92** | **87** |

**Објект „Темјанушка„**

| Воспитни групи | Вкупно деца по договор | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| Јасли | 14 | 8 | 6 |
| Јасли | 12 | 7 | 5 |
| 2-3 години /1 | 23 | 17 | 6 |
| 3-4 години /1 | 24 | 8 | 16 |
| 4-5 години /1 | 19 | 11 | 8 |
| 5-6 години /1 | 17 | 5 | 12 |
| **ВКУПНО :** | **109** | **56** | **53** |

**“ДРУГИ ПРОСТОРНИ УСЛОВИ”**

| Воспитни групи | Вкупно деца по договор | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| с. Пепелиште | 20 | 12 | 8 |
| с. Тремник | 17 | 9 | 8 |
| с. Криволак | 22 | 7 | 15 |
| **ВКУПНО :** | **59** | **28** | **31** |

# МИСИЈА НА ГРАДИНКАТА



# ВИЗИЈА НА ГРАДИНКАТА



**Градинка во која ќе постои :**

- **современа средина за учење**
- **развој и индивидуален напредок на секое дете**
- **унапредена соработка со родителите**
- **професионално едуциран персонал и**
- **меѓучовечки односи цврсто изградени на меѓусебно почитување и заемна доверба**



## 3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### 3.1. Организација на животот и работата со децата од 0 – 2 годишна возраст

***а)Нега и исхрана на децата***

Јаслите како најорганизиран облик на општественото воспитување на децата во текот на првите 2 години од нивниот живот, обезбедуваат добри услови за развиток на децата, соодветна едукативна средина, како и простор за игра, адекватна исхрана, здравствена заштита и ментална хигиена. За да се задоволат организационите потреби на детето, потребно е правилно да се спроведува нега и хранење. Со правилно негување и хранење на детето ќе се придонесе правилен физички раст и развој на детето, а со тоа се развиваат навиките за исхрана и одржување на хигиената.

Ќе се настојува да се одржува емоционална врска на децата со педагошко-медицинската сестра, односно неговateлката која претставува битен услов за правилно, успешно и организирано лекување и хранење.

***б)Грижа за здравјето и физичкиот развој на детето***

За здравјето на децата од јаслена возраст секојдневно се грижи педагошко-медицинската сестра-неговateлка.

Во услови на колективен живот во детските јасли се води сметка да се овозможи нормално растење и развивање на органите и нивната функцуја, да се зајакнува телесното здравје и да се заштитат од заболувања и повреди. Во нашата градинка се води сметка за одржување и развивање на основните навики и хигиената, за правилно земање на храна и за редовно вршење на физиолошките потреби. Секогаш кога задоволуваат временските услови децата се носат на свеж воздух.

***в)Грижа на психичкиот и интелектуалниот развој на децата во јасли.***

За правилен психички и интелектуален развој, неопходно е потребно сестрано организирано, планско и спицифично воспитно влијание на децата. Децата од оваа возраст прифаќаат одредени воспитно образовни активности кога за тоа е посебно насочено и стимулирано. За тоа ке се настојува играта да биде правилно избрана и искористена, а со децата во игра ке работат педагошко-медицинските сестри.

Планираме да подготвиме соодветни видови игри: творечки, подвижни, конструктивни, преку кои ќе се овозможува развој на физичкиот, интелектуалниот и

социјалниот развој. Низ секојдневната играта ке се развиваат движењата и говорот, а преку манипулативните игри ќе се развиваат сетилните перцепции.
Правилното развивање на малото дете е можно само преку полна слобода на игра.

***г) Организирање на воспитни активности со децата***

Овие активности се планираат и реализираат во согласност со интелектуалните можности и потенцијали на детето до 2 годишна возраст.
Секако дека тие се спонтани, индивидуални преку детската игра. Тука се планирааат разновидни симболични, функционални, дидактички, творечки и подвижни на игри преку кои се богати детското искуство.

## 3.2. Организација на животот и работата со децата од 2 – 6 годишна возраст

### *3.2.1 Организација и грижа за здравјето и физичкиот развој на децата*

Јавната установа – Општинска детска градинка Фемо Кулаков со својата организациона и програмска поставеност реализира систематска и континуарана воспитно - образовна дејност, која е насочена кон задоволување на разновидните потреби и интереси на децата од втората година па се до шестата година од неговиот живот.

Меѓутоа во текот на планираните активности ќе се води сметка и за развој на културно-хигиенските и работните навики , како и за  психофизичкото здравје на предучилишното дете.

За исхраната на децата како примарен услов за правилен физички и психички развој, секогаш се води сметка да биде квалитетна  и во целос да одговара на развојните потреби на предучилишното дете. Постојано се води контрола на застапеноста на хранливите состојки и калоричната вредност да биде на одредена висина .Листата на јадења ја изготвува стручна комисија составена од медицинска сестра, главна готвачка и директорот на установата.

### *3.2.2. Организација на воспитно образовната дејност*

И покрај тоа што престојот на децата од предучилишната установа треба да носи обележје на спонтаност, слободен избор, приспособливост кон детската возраст и индивидуалните потреби, во неа не се одвива ништо стихијно нити инпровизирано, организацијата на воспитно образовната дејност однапред се планира.

Планирањето во ЈУОДГ Фемо Кулаков се одвива според Стандардите за рано учење и развој, поделено поконкретно преку неколку развојни домени од кои произлегуваат дневните активности, но и целите и задачите кои планираме да ги постигнеме со конкретната возрасна група..Тематското планирање и понатаму остана водилка со која ги планираме содржините и активностите со децата. Според потребите и можностите на децата во воспитната група се планира конкретна тема. Темата е составена од разновидни подтеми и програмски содржини кои се логички поврзани и се засноваат на една заедничка идеја. Се планираат и конкретни развојни задачи со кои ќе бидат потикнати сите развојни домени на една личност.

Што се однесува до улогата на воспитниот тим во текот на игрите и активностите, може да се каже дека нивното учество не е секогаш во доминантна улога. Некои активности ќе ги водат децата, а воспитниот тим ќе биде само играч и рамноправен партнер.

-Животни активности

Тоа се активности кои се поврзани во секојдневниот живот на децата и заземаат најголем дел од дневната активност.

Имаат важна улога во остварувањето на воспитно образовната дејност. Низ овие активности се задоволуваат детската потреба за храна, одмор, престој на чист воздух, се овозможува формирање и зацврстување на културно-хигиенските навики и работни навики. Овде спаѓа и примањето и испраќањето на децата како и утринската гимнастика која секојдневно се реализира, но по воспитни групи и секоја воспитна група според индивидуалните можности на децата.

в) Работно воспитание на децата

Работните активности се од многу важно значење и за развитокот на предучилишното дете. Тие ќе бидат планирани во корелација со тематските планирања во воспитните групи. Сметаме дека работните активности се особено значајни во социјалниот развој на предучилишното дете. Тоа е една од можностите со кои се доближуваме со семејствата и работиме со нив. Ова работно воспитание ќе биде поттикнато и преку планираните содржини и активности од интерниот проект „ Градини во градинки “ каде децата ќе се воведуваат во процесот на одгледување на здрава храна

г) Еколошко воспитание

На заштита и воспитување за почиста животната средина планираме да водиме посебна грижа во текот на целата учебна година. Во последно време е се поактуелна проблематиката околу подигање на еколошката свест кај децата но и кај возрасните, затоа што оваа проблематика станува се повеќе загрижувачка во последните неколку децении. Причини секако се бараат во силниот подем на науката, техниката и технологијата. Од една страна тие го подобруваат животниот стандард, а од друга страна се штетни и ја загадуваат, загрозуваат животната средина. Секако дека многу е заначајна екологијата како наука која го проучува односот на живиот свет кон надворешната средина и животната заштита. Посебно ќе водиме сметка и ќе планираме активности за зачувувањето на природата како важна потреба за животот на идните поколенија. Затоа е потребно да децата се воспитуваат и насочуваат во тој правец.Во нашата ЈУОДГ на тоа поле ќе се обрне доста големо внимание и ќе ги насочува децата во тој правец. Природата околу нас нема да ја заштитиме само преку апели и закони, туку преку конкретни дејства.

За таа цел ќе се планираат разни активности во кои ќе бидат вклучени децата, воспитниот кадар и семејството како примарна средина во формирањето на еколошката свест кај децата. Овие активности ќе следат преку целата година, а поорганизираните ќе бидат во периодот кога е неделата на екологијата. Во согласност со програмата за работа на воспитни групи ќе се разработуваат и соодветните содржини за заштита на животната средина. Во таа смисла ќе се насочуваат децата за заштита на просторот во кој живеат, чистотата на непосредната надворешна околина, заштеда на водата и електричната енергија .Ќе се предвидат конкретни активности во кои што се присутни родителите за заштита на хортикултурата во нашиот двор и пошироко во градот.

## 4. ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

1. Згрижувачкиот, воспитно-образовните и стручните работници во ЈУОДГ согласно со Програмата за ран детски развој и планираните проектни активности ќе изработи годишен глобален план.
2. Згрижувачкиот,воспитно-образовниот кадар редовно ќе врши подготовка планирање на секојдневните активности со децата.
3. Посебно внимание ќе се посвети на ангажирањето на згрижувачкиот и воспитно-образовниот кадар на ЈУОДГ на унапредувањето на дејноста преку применување на нови форми, методи на работа, изготвување на работно игровни средства и др.

# 5. СТРУЧНА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

## 5.1. Здравствена заштита на децата

Здравствената заштита на децата во предучилишната организација е составен дел од основната здравствена заштита. Вклучувањето на децата во колективен живот надвор од нивната семејната средина, во најосетливиот животен период до шест годишна возраст, наметнува сериозни и здравствени проблеми кои перманентно и адекватно треба да се решаваат, бидејќи за чувањето и унапредувањето за здравјето на децата е една од основните задачи, а воедно и еден од основните предуслови за вкупниот успех во работата на овие институции.

Во оваа возраст се посебно осетливи на инфекции полесно се повредуваат незрелоста на моториката и во ниеден животен период подоцна нивниот напредок растење и развивање не е во толкава мера зависен од правилната здравствена заштита под влијанијата на надворешната средина, правилната исхрана и здравствената социјална емотивна средина.

Целта на здравствената заштита во нашата установа следната година како и секоја претходно ќе биде насочена кон подигање на здрава, психофизичка и социјално развиена личност и одстранување на штетните влијанија врз нејзиното здравје. За успешно остварување на здравствената заштита во ЈУОДГ ќе биде потребно :

- обезбедување на оптимални услови за зацврстување и чување на здравјето на децата,
- организирање здрав престој и здрава исхрана,
- секојдневна контрола на здравствената заштита на децата и следење на нивниот развој,
-водење на здравствена документација за психофизичкиот развој, здравствената состојба и примарните вакцини, кое како потврди се добива уште при уписот на секое дете во нашата установа.

Основни услови за правилно остварување на здравствената заштита се:

- навреме откривање и изолирање на заболените деца.
- обезбедување на оптимални услови за зацврстување и чување на здравјето на децата.
- задоволителни санитарии и хигиенски подробности на објектите и инвентарот.
- правилна и редовна исхрана.
- здрав и организиран дневен престој на игрите, активностите и одморот на децата.
- ментално и физички здрав и стручно способен кадар за работа со децата.

Здравствената заштита во нашата ЈУОДГ ги опфаќа следните форми и содржини:

1.Санитарни хигиенски надзор на објектите:

- хигиена на просториите во кои престојуваат децата(температура, влажност на воздухот, чиста постелнина и примена на дезинфекциони средства),
- контрола на просториите во кои се чува, се подготвува и се дистрибуира храната,
- хигиена на санитарно хигиенските чворови,
- чување на чиста облека на децата.

2.Контрола и надзор на исхраната:

-составувањето на листата за јадење во поглед на биолошката и калориската вредност, која ја подготвува стручната комисија во состав од неколку членови – медицинска сестра, главниот готвач и директорот на установата

3.Следење на растење, развиток и здравствена состојба:

- систематски прегледи кои се обврска на превентивната медицинска заштита и дополнителни прегледи по потреба.

4.Спречување на заболувањето кај децата:

- контрола на имонизации при уписот на децата.
- откривање на болните и брза изолација
- привремено остранување на заболениот персонал

Носител на здравствената заштита на децата од нашата градинка е медицинска сестра.Нејзините задачи се:

- хигиенско-епидемиолошки надзор.
- следење на здравствената состојба кај децата.
- упатување на децата на домашно лекување.
- укажување на итна медицинска помош.
- соработка со родителите, известување на сите забележани промени кај детето итн.
- врши тријажа на децата при приемот во утринските часови.
- врши контрола на храната и исхраната, врши контрола на хигиената кај децата,просторијата и облеката.

Медицинската сестра меѓу другото настојува да ја подобри здравствената заштита на децата во предучилишната установа, соработува со епидемиолошката служба,како и со родителот на секое дете.

### 5.2. Јавна и културна дејност

Целта на јавната и културната дејност е да придонесе за што поцелосно остварување на севкупните задачи на општествено организираното предучилишно воспитание и образование за развивање и збогатување на општествениот и културниот живот на општествената средина во која работи предучилишната организација. Во комплексноста на факторите кои се битни за правилниот развој на личноста  во предучилишниот период, покрај семејството и градинката, големо значење има и општествената средина.

Со планираните активности со јавната и културната дејноство ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ ќе се придонесе за што поцелосно остварување на севкупните задачи на предучилишното воспитание и образование се со цел подобрување на воспитно-образовните резултати и развивање на општествениот и културниот живот во општествената средина.

Планираните задачи и активности се со цел афирмирање на детската градинка како дел од локалната заедница.

На децата ќе им се овозможи преку посети, прошетки и излети да се запознаат со општествените и културните институции, да се вклучат во разни прослави, приредби, јубилеи, дефилеа и други манифестации во општествената средина и во градинката.

И оваа година јавните манифестации ќе се организираат на високо ниво со цел уште повеќе и подобро да се истакне работата на детската градинка во јавноста и локалната заедница. Имено, значењето и покрај тоа што е за афирмација на детската градинка, се презентира креативноста и творечкиот ангажман на кадарот, како и на одреден тим на луѓе со одредени афинитети кои ќе учествуваат во организацијата и реализацијата на манифестациите.

**Календар на јавно – културните активности во детската градинка**

| ***АКТИВНОСТИ*** | ***ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА*** |
|---|---|
| Почетокот на учебната година | 01 септември 2022 |
| Одбележување ден на револуционерот „Фемо Кулаков “ | 17 септември 2022 |
| Маѓународен ден без автомобили | 22 септември 2022 |
| Детска недела | 3-7 октомври 2022 |

| | |
|---|---|
| Светски ден на пешаците | 15 октомври 2022 |
| Светски ден на здрава храна | 16 октомври 2022 |
| Ден на рециклирање | 16 ноември 2022 |
| Недела на стари и изнемоштени лица | Ноември 2022 |
| 8- ми Ноември | 8 ноември 2022 |
| Ја испраќаме есента | Ноември 2022 |
| Ден на деца со посебни потреби | 3 декември 2022 |
| Нова година | Декември 2022 |
| Божиќни празнувања | Јануари 2023 |
| Светски ден на насмевката | 7 фебруари 2023 |
| Меѓународен ден на добрината | 17 февруари 2023 |
| Светски ден на раскажувањето | 20 февруари 2023 |
| Светски ден на заштеда на енергија | 5 март 2023 |
| Ден на жената | 8 март 2023 |
| Светски ден на заштита на водите | 22 март 2023 |
| Ден на дрвото | Март 2023 |
| Дочек на пролетта | Март 2023 |
| Еколошка недела | Март 2023 |
| Априлијада | 1 април 2023 |
| Ден на бездомните животни | 4 Април 2023 |
| Ден на здравјето | 7 април 2023 |
| Денот на планетата земја | 22 Април 2023 |
| Дена на книгата | 23 април 2023 |
| Ден на бабата | април 2023 |
| Велигденски празнувања | април 2023 |
| Патронен празник | Мај 2023 |
| Ден на семејството | 15 мај 2023 |
| Светски ден на детето | 01 јуни 2023 |

| Завршна приредба | Јуни 2023 |
|---|---|

**5.3. Соработка со родители**

Соработката со родителите и нивното оспособување за поуспешно извршување на нивната функција како воспитувачи на своите деца, ќе најде посебно место во работата на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ .За таа цел се формира и веќе работи Совет на родители кој изготвува своја програма за работа. Во поширокиот сотав на Советот на родители влегуваат по двајца родители од секоја возрасна група.

Советот на родители имаат за задача да се грижат за реализирањето на планираните активности од својата програма, соработува непосрредно со директорот на детската градинка и со стручната служба за реализација на одредени манифестации како и за донесување на важни одлуки во градинката .Понатаму сите одлуки и решенија се пренесуваат на членовите на поширокиот состав а тие се продолжена рака пак на сите родители кои носат деца во детската градинка.

Непосредно со Советот на родителите ќе соработува педагогот, кој ќе ги информира за сите случувања во градинката, како и за организирање и реализација на едукативни работилници со сите родители, а секако во интерес за подобро воспитување и образование на нивните деца .

Соработката со родителите ќе се одвива во три насоки : меѓусебно информирање на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар и родителите, едукација и воспитување на родителите за подобро родителство и ангажирање на родителите во остварувањето на задачите на предучилишната организација и општествената средина во која живее детето.

Соработката со родителите ќе се остварува главно низ следните форми: секојдневни индивидуални разговори, консултации, домашни посети, родителски средби, работилници, приредби, прослави и слично.

**5.4. Следење и унапредување на згрижувачката и воспитно-образовната дејност на ЈУОДГ**

Во детската градинка животот и работата се одвива главно под стручно раководство на воспитувачот кој е носител на сите планирани активности и згрижувачот, како и стручната служба која ја координира целата работа.

Воспитно-образовната дејност во детската градинка се остварува низ разновидни активности поврзани со секојдневните животни потреби на детето, во текот на целиот престој, секако преку игровни активности.

Во текот на овие активности се води сметка за потполна адаптација во новата средина, се води сметка за поттикнување на поголема сигурност, развој на самодовербата и социјализацијата. За таа цел се води посебна грижа за уредување на стимулативна средина за учење и игра која ќе придонесе за целосен развој на личноста на предучилишното дете.

Педагогот како најдиректен стручен соработник постојано ќе ја унапредува воспитно-образовната работа преку постојани средби, работилници, консултативни разговори и сл. Исто така ќе води непосредна работа со децата и ќе го следи нивниот развој.

Планирањето на воспитно-образовната работа е една од основните задачи на воспитувачите. За таа цел континуирано се планира тематски, се води педагошка евиденција и документација во воспитната група, а децата се опсервираат и за секое дете ќе се води соодветно Досие.  Се реализира електронско водење на  педагошката евиденција и доументација во сите групи од 2-6 години ( воспитниот кадар ) и од 0 -18 месеци згрижувачкиот кадар.Педагошката евиденција и документација се води електронски е во хартиена форма . Оваа година ќе продолжи реализацијата на интерните проекти. Поконкретни програми за работа следат понатаму во програмата.

Играта како основна детска активност завзема примарно место во целокупната воспитно-образовна работа и истата ќе биде постојано присутна, а под раководство на стручниот тим ќе се организираат и реализираат сите видови на игри, согласно програмата за воспитно-образовна дејност.

. Оваа година завршува подготвениот Развоен план и во текот на годината ќе се подготви нов. Ќе бидат опфатени неколку области каде е потребно да се изврши промена : Планови и програми,  Воспитување и згрижување, Детски развој и напредок, Поддршка на децата и семејствата, Етос, Ресурси во установата за деца, Управување , раководење , организирање и обезбедување на квалитет во установата за деца и заштита на деца од насилство.

## 5.5. Планирани проекти

Во текот на учебната 2022 / 2023 година ќе се реализираа повеќето  проекти, кои се дадени од МТСП . Истите се планираат во годишните планови и програми и ќе бидат интегрирани во дневните оперативни планови, а некои од нив и како посебни активности со воспитните групи од сите објекти.

Главна цел на ваквиот начин на активност е да планирани интелектуални и практични содржини и активности се задоволи љубопитноста кај децата и се поттикнат сите компоненти на детската личност, поттикнување на креативноста, интересот, фантазијата и многу други позитивни карактеристики и емоции кои ја карактеризираат нивната возраст.

Децата работејќи на планираните проектни активности, со овие проекти ќе имаат можност за запознавање на нови содржини, за набљудување, за поставување на прашања, да истражуваат и со тоа доаѓаат до одредени заклучоци.

Во продолжение следат преглед глобални програми за секој од нив

### 5.5.1. Градини во градинка- годишен проект
### Учебна година 2022- 2023г

***Координатор : Јана Коцева***

Една од основните цели на овој проект е едукација на децата од предучилишна возраст за значењето на здравата храна , во целокупниот раст и развој на предучилишното дете

.

Развивање на културни и работни навики во дворот на градинката , уредување на просторот ,садење и одгледување на овошни и зеленчукови плодови и грижа за нив .

Временската рамка , реализатори, возраст на деца ,кои што учествуваат во проектот, во табелата што следува:

| Активност | домен | Восп.група | Тема | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Активност - собирање плодови | Сите домени | 4-6 години | „Во градинка одам и среќен сум јас“- есенски радости | Октомври 2022 |
| Што се може да се направи од тиква | сер | -/- | -/- | Ноември 2022 |
| Овошно и зеленчуково СМУДИ | Пу | -/- | Зимски радости | Декември 2022 |
| Активности за рецитирање песнички и движења за здрава храна | Јкрп | -/- | -/- | Февруари 2023 |
| Правење маски и фигури од овошје и зеленчук | фзмр | -/- | Пролетни радости | Март 2023 г |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Посета на продавница за здрава храна | Кроз | -/- | -/- | Април 2023 г |
| Посета на нутриционист во градинката | Пу | -/- | -/- | Мај 2023г |
| Дегустација на здрава храна (Овошје и зеленчук) | Сите домени | -/- | Во лето во градинка Летни радости и доживувања | Јуни- август 2023г |

**Предлог активности :**

- Мали градинари
- Садиме лук, кромид, марула , спанаќ
- Правиме колач од тиква
- Смуди од овошје и зеленчук
- Стихови зеленчук
- Стихови за овошје
- Витамини и минерали
- Фигури од овошје и зеленчук
- Посета на фабрика за овошје и зеленчук
- Нутриционист во Нашата градинка

**Реализирање на ден- настан**

- ЕКО-акција
- Дегустација на сезонски плодови

## 5.2.2. Бон тон за деца – годишен проект учебна 2022/2023 год.

**Координатор на проектот :*Весна Петрова Соколова – воспитувач***

**Цел на проектот :** Едукација на децата од предучилишната возраст за значењето на убавото и пристојно однесување во семејството , градинката и пошироката општествена средина .

**Временска рамка :** Септември 2022 – август 2023 год.

**Реализатори на проектот:**

- Воспитно образовниот и згрижувачкиот кадар на објектите во градот ( Мајски цвет , Пролет ,Темјанушка) и во други просторни услови од ЈУОДГ Фемо Кулаков
- Стручни соработници од градинката ( педагог, логопед ,ликовен педагог )
- Надворешни стручни соработници
- Родители

**Целна група :**

- Деца на возраст од 2 до 6 год од сите објекти

**Кратко резиме :**

Основната идеја за реализација на проектот “ Бон тон за деца ” е да се развијат кај детето вештини за убаво и пристојно однесување . вој проект ќе се реализира во текот на целата воспитно образовна година интензивно низ разни воспитно образовни активности и игри **.**

Во текот на предучилишниот период децата ги воспоставуваат првите социјални врски со семејството , надворешната средина и со своите врсници . Овие први искуства е потребно позитивно да се насочуваат . Тоа им помага на малите деца да стекнат чуство на припадност , стабилност и сигурност во однесувањето во различни ситуации во домот и надвор од него . Овие вештини исто така вклучуваат во себе способност за ефикасна комуникација , чуствителност кон емоциите на останатите лица и способност да ги толкуваат настаните околу себе .

Со планирањето и реализирањето на низа воспитно образовни и игровни активности во текот на учебната година , а интегрирајќи ги во тематското планирање како и во секојдневните животни активности со децата ќе се поттикнува правилен и позитивен кодекс на однесување во различни ситуации.

Нашата цел ќе биде кај децата да се поттикне самодовербата , самопочитта и позитивно мислење , со што би се допринело за поквалитетно живеење , поголема толеранција , спречување на конфликти и меѓусебно почитување .

**Предлог наслови за планирање на активности :**

- Убаво воспитно дете
- Да се запознаеме

- Како се поздравувам
- Културно и некултурно однесување
- Овој ми рече, оној ми рече
- За рацете , но и за нозете
- Јас раце си мијам ...
- Патот до гардинка
- Волшебни зборови
- Како да се однесувам во градинка
- Правила во занималната
- Како зборуваме,како слушаме
- Борба со чорба
- За чистите деца
- Во нашето купатило
- Време за одмор
- Облечи , соблечи
- Другарство
- Јас, па јас...
- Моето другарче
- Мојата играчка е сега твоја
- Ден за стекнување ново другарче
- Болното маче
- Изгубеното мече
- Подарок за новото другарче
- Црвен телефон

- Денот на Пеце
- Кога појдеш во градинка
- Анимиран филм ( Бон тон )
- Сите во акција
- Роденден
- Утешителна помош
- На излет
- На улица
- Чичко сообраќаец
- Пазар
- Во библиотека
- Подаруваме , позајмуваме
- Во театар
- На кино
- Во посета на верски храм
- Како да се однесувам во продавница
- Како да комуницираме со деца , а како со возрасни
- Сите сме различни , но сепак исти
- За смеењето и потсмевањето
- Конфликт помеѓу деца ....

**Очекувани резултати:**

- Подобро однесување и хигиена за самозаштита од разни вируси
- Подобрување на однесувањето кај предучилишните деца
- Подобрени комуникациски способности помеѓу децата и возрасните

- Подобрени животни вештини кај децата во домот,градинката и пошироко
- Воспоставени позитивни кодекси на однесување кај децата и возрасните
- Инволвирање на пошироката општествена средина и разни институции на системот
- Усвоени правила на однесување
- Стекнати знаења во различни животно секојдневни ситуации
- Надминати предрасуди
- Поттикната самодоверба и самопочит
- Надминати конфликтни ситуации

### 5.5.3. Од дете за дете – периодичен проект учебна 2022/2023 год.

**Координатор на проектот:*Весна Маркова– воспитувач***

**Вовед:** Хуманоста е најголема човечка особина, доблест за секој поединец, хуман човек е оној кој им помага на луѓето кои имаат потреба од љубов и добрина. Хуманоста е општествена вредност. Таа е дел од нашите принципи, дел од нашата животна етика. Хуманоста е да даруваш радост на некој кој не ја почуствувал ниту радоста, ниту среќата во животот. Да бидеме хумани затоа што хуманоста спасува животи.

**Временска рамка**: Проектот ќе се реализира континуирано во текот на целата воспитно-образовна година, односно во период 01.09.2022 – 31.08.2023.

**Цел на проектот:** Едукација на децата од предучилишна возраст за значењето на другарството и хуманоста, развивање на позитивен однос кон другите, взаемно помагање, љубов и разбирање.

**Во проектот се вклучени:**

- Деца на возраст од 2-6 годишна возраст во трите клона (Пролет, Мајски Цвет и Темјанушка) како и групите во други просторни услови.
- Воспитно – згрижувачкиот кадар
- Стручните работници и соработници

- Семејствата на децата

**Очекувани резултати:** Да се развие и потикне хуманоста, солидарноста, социјализацијата, другарството, развивање на љубов и позитивен однос помеѓу децата, семејствата и пошироката општествена средина.

**Предлог активности:**
- “Од дете за дете” – одбележување на детска недела
- Биди и ти хуман
- “Со љубов од најмалите – пееме и играме за вас кај и да сте” – посета на дом за стари и изнемоштени лица
- “Сите сме различни, но сепак исти” (Ден на децата со посебни потреби)
- “Земи ангелче – донирај пакетче”
- “Со љубов за ... “ (Меѓународен ден на добрината)
- “Јајце за секого –добрина и споко во секој дом” (Велигденски празнувања)

Со планирањето и реализирањето на низа активности во текот на учебната година, кај децата ќе се негува хуманоста , другарството, секое дете кое ќе биде поттикнато да споделува ќе знае да го цени добиеното.
Наша цел ќе биде кај децата да се поттикне самодовербата, почитување кон другиот, надминување на предрасудите, поттикнување на правилен и позитивен однос кон секое дете, без разлика на неговата вера, националност и социјален статус. Зголемување на доверба, взаемно помагање, љубов и разбирање – ќе бидат наши основни концепти.
Активностите од овој Проект затоа што има вкучено масовен број на деца и институции од градот сите тие се Настани.

### 5.5.4. Градот низ детските очи – временски проект учебна 2022/2023 год.

**Координатор на проектот** ***: Елизабета Димова***

Со цел да се запознаеме повеќе со значајните карактеристики и обележја на нашиот град и да го прославиме ослободувањето на истиот во периодот од еден месец ќе се планираат активности на таа тема.
Овој проект ќе има за цел да развие кај децата љубов, интерес и чувство на припадност, патриотизам, почитување, грижа и одговорност кон својот град.
Преку планирани активности децата на возраст од 5-6 години, ќе се запознаат со културното и историско минато на својот град, со легендата за тоа како нашиот

град го добил своето име Неготино, со значајните институции на градот (општина, пошта, банка, болница, фабрика за производство на кечап и мајонез, конфекција, стоматолоска ординација,винарска визба, училиште, библиотека,и сл.) со важните обележја ( саат кула , фурна за неготинска пита) со нашата култура и традиција.
Планираните содржини ќе бидат разработени преку споделување на фотографии, кртки видео презентации, а доколку се олабават мерките од пандемијата со Ковид 19 истите ќе продолжат преку посети и изложби.
Носители на проектните активности ќе бидат воспитувачите на сите големи групи заедно со стручната служба.
Дирекни учесници ќе бидат децата од 5– 6 години.
Временски период : во текот на целата учебна година

**Цели на проектот :**

· Стекнување на знаења и продлабочување на истите за градот Неготино
· Подобро запознавање на град- Неготино
· Исто така наша цел е да одговориме на децата на многу прашања како што се:
- Како настанал нашиот град?(легенда за Неготино)
- Како изгледал нашиот град во минатото?
- Како изгледа нашиот град денес ?
-Што е најубаво во нашиот град ?

**Задачи на проектот :**

-Запознавање со институции како што се:МУЗЕЈ, БИБЛИОТЕКА, ОПШТИНА НА ГРАД НЕГОТИНО, АВТОБУСКА СТАНИЦА,ПОШТА, ХОТЕЛ, ФАБРИКА, БОЛНИЦА,ВИНАРСКА ВИЗБА, ОПШТИНСКА РАДИО СТАНИЦА, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ И ДР.
·Поттикнување на визуелна перцепција преку разгледување на фотографии, самостојно фотографирање од страна на децатаи сл.
· Поттикнување и овозможување на креативниоблици на изразување преку сликање, цртање, работа со необликуван неликовен материјал ( разни кутии, хартии и др. вид на неупотребна амбалажа)
· Поддржување на детските иницијативи и љубопитството кај децата , поврзување на познато со непознато и изведување на заклучоци врз основа на реализираните активности.

**ТЕК НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ:**
Сакавме да дознаеме што децата знаат за својот град, па ќе им поставиме неколку прашања :

**ШТО ЗНАЕМЕ ЗА НАШИОТ ГРАД**

1. Каде живееме ?
2. Што е Неготино град или село ?
3. Што има во Неготино ?
4. Што е општина на Неготино ?
5. Што е црква?
6. Што е автобуска станица ?
7. Што е железничка станица ?
8. Што е радио станица ?
9. Што е пошта ?
10. Што е музеј ?

(ќе разгледуваме фотографии од Неготино, монографија на град Неготино, легенда за Неготино,
Ќе водиме  белешки на детските изјави)

**ПЛАНИРАНИ ПОСЕТИ СО ФИЗИЧКО ПРИСУСТВО ИЛИ ОНЛИНЕ ПРЕКУ ВИДЕО СНИМКИ :**

**ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКА**

(запознавање со библиотека . зошто служи библиотеката, разгледување на разни сликовници, литература за деца и се онаа што го содржи детскиот дел во библиотеката)

**ПОСЕТА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

(запознавање со училница, следење на школски час

**ПОСЕТА НА АВТОБУСКА СТАНИЦА**

(запознавање со перон, билетара,автобус)

**ПОСЕТА НА ФАБРИКА ЗА ОБРАБОТКА НА ЗЕЛЕНЧУК-КИМ -** (запознавање со процест на работа во фабриката)

**ПОСЕТА НА МУЗЕЈ**

(запознавање со работата на музејот, посета на изложба, запознавање со артефакти од минатото поврзани со градот Неготино и сл)

**ПОСЕТА НА ПОШТА**

(запознавање со работата на поштата, параќање на писмо- следење на постапката за праќање на писмо и сл )

**ПОСЕТА НА ХОТЕЛ**

(запознавање на децата со работата на хотелот од страна на вработени во хотел, посета на собите во хотелот, рецепција, конференциска сала, кујна

**5.5.5. Рециклирање со имагинација – годишен проект**
**учебна 2022/2023год.**

**Координатор :** Ана Јанева – воспитувач

**Временска рамка :** Септември 2022 – август 2023 ( континуирано преку текот на целата воспитно образовна година )

**Цел на проектот :**

Да им понудиме на децата добри животни навики и лична одговорност за заштита на животната средина . Правилно рециклирање на отпадот , намалување на обемот на мешан отпад и помало загадување на околината .

**Реализатори на проектот:**

- Воспитно образовниот тим на ЈУОДГ Фемо Кулаков
- Стручни соработници ( педагог , логопед ,ликовен педагог )
- Родители
- Надворешни стручни консултанти

**Целна група :**

Деца на возраст од 2 до 6 год. (сите воспитни групи од двата клона)

**Краток опис:**

Основната идеја за реализација на овој проектот е едукација на децата од преучилишна возраст за придобивките од селектирање на отпадот и неговото рециклирање .Целта ќе се постигне преку планирање на месечни активности според среднорочното месечно планирање

- Работилници ,
- Уметничка изложба
- презентација
- Приказ на видео материјал за едукација на децата на ЦД
- Драмски игри и игри по улоги
- Прибирање стручна литература
- интернет пребарување .

Во текот на предучилишниот период децата ги добиваат првите елементарни знаења и навики , а овие први искуства е потребно позитивно да се насочуваат постојано кон поздрав начин на живот . Поттикнување кон подигање на свеста за важноста за почитување на правилата за заштита на светот и неговите ресурси бидејќи здравата животната средина е клучна за поздрав начин на живот .

**Предлог активности :**

- Беџ за добредојде

- Носење одреден отпад од дома и нивно селектирање ( хартија и пластични шишиња )
- Селектирање на отпадот ( хартија ,пластика ,стакло )
- Анимиран филм ( екологија)
- Прашања и одговори
- Симулациски игри
- Работилници
- Изработка на играчки од материјали за рециклирање
- Уметничка изложба
- Новогодишни рециклирани украси
- Пласични шишиња како саксии за цвеќе
- Чашки за боици од поголеми и помали туби
- Еко ревија
- Уредување на дворот
- Велигденска кошничка
- Цвет од пластични шишиња
- Алка за мама од ролна харија
- Мојот град
- Куќичка за гладното врапче
- Погоди ја целта
- Еко игри ...

**Очекувани резултати :**
Преку овие предлог активности децата ќе се оспособат да ги препознаваат материјалите за рециклирање и нивна лесна класификација . Ќе се поттикне мисловниот процес , помнењето , љубопитноста и креативноста , истрајноста . Децата ќе учат на различни начини и ќе се здобијат со нови знаења и искуства кои

во иднина ќе ги применуваат за свое добро , за доброто на сите нас , околината како и за целата планета .

### 5.5.6. Спорт и спортски активности – годишен проект учебна 2022/2023

**Координатор на проектот:*Рајне Чукаркова- воспитувач***

**Цел на проектот:**
Една од основните цели на овој проект е да се поттикнува интегралниот развој на децата и нивно подобрување на здравјето и работните способности.Да се оспособуваат децата слободно и креативно да се изразуваат во играта и спортот кои придонесуваат во хуманизацијата и социјализацијата на личноста.
**Временска рамка:** преку цела година
**Реализатори на проектот:**

- Воспитно-образовниот тим
- Стручни надворешни соработници
- Стручни соработници на детска градинка

**Целна група:**

- Деца од возрасни групи од 3-6 год.

| **АКТИВНОСТИ** | 10 | 11 | 12 | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање на месечни активности** | * | * | * | * | * | * | * | * | * | * | * | * |
| **Вежби за оформување на телото**(утринска гимнастика) 3-6 год | * | * | * | * | * | * |  | * | * | * | * | * |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Организирано поставување и движење:**<br>(3-6 год)<br>-поставување во колона<br>-поставување и редење во колони и редци при вежбање<br>- формирање на круг<br>(при посета на институции, организирано движење во затворен простор за време на доручек и ручек или игри во занимална и на отворен простор) | * | * | * | * | * | * | * | * | * | * | * |
| **Основни елементи на атлетика и гимнастика**<br>-одење и трчање(затрчување-запирање;развој на брзинската реакција по давање на даден сигнал) 4-6 год<br>-скокање (отскокување, доскокнување, прескокнување на препреки-јаже)-4-6год<br>- лазење и провлекување (преку препреки) 4-6год | По из бо р на во сп ит ув ач от | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Елементарни игри, штафетни игри и спортови со топка**<br>-фаќалки (фаќалка со топка,фаќање на парови со топка на грб-избор од прирачник за вежби и игри со примери) 4-6 год<br>-игри за ориентација и рамнотежа (на пр. Ќора баба, собирање на топки,тенис сораце и др )4-6 год<br>-игри за прецизност (погодување на цел;,куглана и сл) 4-6 год<br>-штафетни игри ( штафета во колони;штафета со вреќи;румунска штафета и др)4-6 год<br>-игри со јаже (влеќење на јаже;прескокнување на јаже и др)4-6 год<br>-спортски игри со топка - фудбал,кошарка,тенис 5-6 год<br>-игри на снег 3-6 год<br>-ритмички игри (вежби по такт на музика во парови и сл) 3-6год | По избор на воспитувачот | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- | -/- |
| **Организирање на спортски настан ,,Детска олимпијада,,** | | | | | | | | * | | | | |
| **Изведување на физички активности (Фудбал) со помош на стручно лице по физичко воспитание** 5-6 год. | | | | | | * | | | | | | |

**Предлог на активности :**

- Вежби за загревање
- Фаќалки-скривалки

- Рибарот плете мрежа
- Мајстор
- Смешна фаќалка
- Фаќање на парови со топка на грбот
- Игри со јаже
- Надвлекување на јаже
- Борба на викинзи
- Прескокнување преку јаже
- Погодување на цел
- Куглана
- Избегнување на удар со топка
- Ќора баба
- Собирање на топки
- Тенис со раце
- Штафета во колони
- Превземање на топка
- Лежечка штафета
- Румунска штафета

(активностите се дел од прирачникот ,, Вежби и игри,,)

**Реализирање на спортски ден-настан**

**Овие настани се планирани во период април-мај 2023**

- Детска олимпијада - м.Мај
- Фудбалски натпревар во спортска сала - м.Март/Април

- Натпреварувачки игри помеѓу клонови

## 5.5.7. Мултикултурализам – годишен проект учебна 2022/2023 год

**Координатор на проектот: *Валентина Мукаетова***

Овој Проект ќе се реализира во текот на целата година интензивно
**Цел на проектот**: Почитување на различностите и мултикултурализмот на тој начин што креира услови кои овозможуваат децата:
-Да развиваат самодоверба и сигурност во себе
-Да ги прифаќаат сличностите и разликите меѓу луѓето што се различни по било која основа
-да ги препознаваат постапките кои ги повредуваат другите и да ги разбираат последиците од таквите постапки
-да научат како да реагираат при манифестација на стереотипи,предрасуди и дискриминација ,насочена кон себе или кон другите.

**Временска рамка**: во текот на целата воспитно образовна година

**Реализатори на проектот:**
-Воспитно образовниот и згрижувачкиот кадар во објектите во градот и во другите просторни услови од ЈУОДГ-,,Фемо Кулаков,,
-во соработка со стручниот тим од градинката и надвор од неа

**Целна група :**
Деца од 5- 6 години

**Кратко резиме**:
Основна цел за остварување на проектот,,Мултикултурализам ,,е да се развие и поттикне самодовербата и сигурноста во себе ,и да се промовира почитување на различностите и мултикултурализмот .
Со планирањето и реализирањето на низа активности во текот на воспитно – образовната 2022/23 год , кај децата ќе се негува да знаат да ги препознаваат постапките , кои ги повредуваат другите и да ги разбираат последиците од таквите постапки.
Наша цел ќе биде , кај децата да се поттикне самодовербата , почитување кон другиот , надминување на предрасудите ,поттикнување на правилен и позитивен однос кон секое дете , без разлика на неговата вера и националност.

Зголемување на доверба , взаемно помагање ,љубов и разбирање- ќе бидат нашите основни концепти .

**Планирани проектни активности :**

| |
|---|
| Сликовница –(Активност )-Дружината МЕЛА - Септември -2022-(задолжителна по препорака на прирачникот ) |
| Сликовница –(активност)- Очилата на Ениса -Октомври - 2022-(задолжителна по препорака на прирачникот ) |
| Сликовница – (активност)- ,,Меурчиња од сапуница ,,Ноември – 2022 (предлог активност ) |
| Новогодишна претстава – гости – штитениците од ,Дневниот центар - ,,Порака,,- заедничко дружење- Декември 2022(настан ) |
| Ѓурѓовден (настан) месец мај 2023 г–одбележување на празникот Ѓурѓовден ,заедно со децата од групите во други просторни услови , во с.Криволак .(мултикултурализам по верска основа ,славење на празникот по два обичаи) |
| Забелешка:другите активности по месеци ќе се реализираат по избор на воспитувачите од големите групи , во зависност од темата која ќе ја работат |

### 5.5.8. Здрави животни навики – годишен проект учебна 2022/2023-

**Координатор на проектот:** Виолета Петрова

**Цел на проектот :** Поттикнување ,развивање и оспособување на децата при самостојно изведувањето на секојдневните активности поврзани со лична хигиена и нега , стекнување на вештини за препознавање на опасни ситуации и одговорно однесување кон околината,возрасните и врсниците при секојдневната интеракција .

**Временска рамка :**Септември 2022- август 2023

**Реализатори на проектот:**

Воспитно образовниот тим на ЈУОДГ Фемо Кулаков

Стручни соработници ( педагог , логопед ,ликовен педагог )

Родители

Надворешни стручни соработници

**Целна група :**

Деца на возраст од 2 до 6 год. (сите воспитни групи од сите клона) ;

Воспитно згрижувачкиот тим ;

Стручни соработници;

Останати вработени во градинката ;

Родители .

**Кратко резиме :**
Основна идеја за реализација на проектот " Здрави животни навики " е кај децата да се развијат вештиниза самостојност и независност при извршувањето на секојдневните активности со кои ќе ја поттикнеме љубовта и грижата кон околината , активности за поттикнување на самостојноста и одговорноста на децата во различни социјални секојдневни ситуации и прифатливо и одговорно однесување .
Со реализирање на овој проект кај децата ќе се усвојат знаења за примена на здрави животни стилови во секојдневието .

**Глобален план на активности**
Глобалните активности ќе се планираат месечно и под договор со воспитно образовниот тим , а секако во согласност и интегрирано со планираните теми и возрасната група на децата .

**Предлог активности :**

- Како се поздравувам
- Ден за запознавање ново другарче
- Какода се однесувам во градинка
- Облечи ,соблечи
- Алиштата и чевлите во шкавче ги стави за да бидат чисти , уредни и здрави
- Да се запознаеме
- Јас се хранам
- За чистите деца
- Во нашето купатило

- Хигиена на тело
- Здрави заби
- Посета на стоматолог
- Бисерна насмевка
- Време за одмор
- Моето другарче
- Танцот со моето другарче
- Мојата играчка е сега твоја
- Питата на баба
- Гајдата на дедо
- Баба плете џемперче
- Приказни и танци разни
- Овошје и зеленчук
- Минерали и витамини
- Топло чајче
- Киу , киу кивавица
- За да бидеш здрав и цврст не ставај во уста прст
- На пазар
- Фустанче за моето кукличе
- Мери ,премери
- Вежбам , вежбам јас...
- Јас и мама во кујна
- Грижа за цвеќето
- Чист и уреден двор

- Ѓурѓовден
- Подарок за мама
- Уредување на просторот за прослава

**Очекувани резултати :**
Со реализирање на овој проект низ разни активности децата да се мотивираат и постојано да се поттикнуваат за :

- самостојно да учи и извршува одредени работни задачи
- да ја сфатат улогата и потребата за здрава исхрана
- самостојно да ја одржува на личната хигиена
- уредување и грижа за просторот во гардинката , домот , околината
- детето да има одговорен однос кон себе , семејството , другите деца, воспитувачите и други возрасни лица
- одговорност кон работните задачи и околината
- детето знае да соработува , емпатично да се изразува и да ги контролира своите емоции
- да знае конструктивно да ги решава проблемите

### 5.5.9. Моја хигиена – моја навика – годишен проект учебна 2022/2023-

**Координатор на проектот:** ***Душанка.С.Димитријова- воспитувач***

Овој Проект ќе се реализира во текот на целата година континуирано и во сите воспитно-образовни групи ќе се посвети внимание на проектот Моја хигиена моја навика.

**Временска рамка:**

Во текот на целата воспитно-образовна 2022 /23 година

**Реализатори на проектот:**

-Воспитно образовниот и згрижувачкиот кадар во објектите во градот и во другите просторни услови од ЈУОДГ-,,Фемо Кулаков,,
-во соработка со стручниот тим од градинката и надвор од неа (педагог , логопед)
-надворешни стручни соработници

**Целна група:**

Децата од сите воспитно-образовни групи

**Цел на проектот:**

Градење на чувство за одговорност и грижа за самиот себе, стварање на добри хигиенски навики,одржување на лична хигиена, поттикнување на љубопитност, истрајност , трпеливост и друго.
За таа цел во текот на годината ќе се реализираат следните активности кои ќе се реализираат преку сите домени (аспекти на развој) предвидени со долгорочното глобално планирање на темите .

ПРЕДЛОГ АКТИВНОСТИ :

- Што ме прави чист
- Прибор за лична хигиена
- Рачиња си мијам и учам да бројам
- Средтства за лична хигиена
- Сапуче
- Од сапунче меурче
- Дување балончиња
- Петко советува правилно миење раце
- Грижа за играчките
- За чистите деца
- Изгубената четка
- Едукативен филм
- Моделирање средства за лична хигиена
- Хигиената –половина здравје

## 5.5.10. Семејството и семејните вредности – годишен проект учебна 2022/2023 год

**Координатор на проектот*: Павлинка Василева– воспитувач***

**<u>Вовед</u>**

Семејството се формира во оној момент кога се создава живот како основна, темелна и животна филозофија. Како еден од клучните фактори за развој на единката, воцелокупното општество. Тоа ја дефинира културата и системот на вредности на кои се темели социјализацијата.
Првиот допир со надворешниот свет започнува од семејството. Во семејството се раѓаме, ги споделуваме првите радости, солзи, ги усвојуваме животните навики, се подготвуваме за животните и егзистенцијални потреби, учиме да сакаме,почитуваме, воспитуваме ,учиме за моралните норми и вредности.Семејството е суштинско-коренот на секој човек .
Семејството е место каде детето треба да се чувствува безбедно, сакано и прифатено Семејството е, и ќе остане најважен столб,основа за секое дете ,а сложното семејство,основа за развивање и растење на детето.
<u>Временска рамка **:**</u> Проектот ќе се реализира континуирано во текот на целата воспитно образовна година  односно во периодот од 01.09.2022г. до 31.08.2023 г.

**Цел на проектот :** Развивање на свест кај децата од предучилишна возраст за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности.
<u>Во проектот се вклучени:</u>
*Деца на возраст од 2 до 6 годишна возраст во трите клона (Пролет, Мајски цвет и Темјанушка ) како и групите во други просторни услови
*Воспитно-згрижувачкиот кадар
*Стручните работници и соработници
*Семејствата на децата

**Очекувани резултати :**

- Децата користат различни начини за изразување на сопствените мисли ,чуства и искуства
- Детето со свои зборови или на свој начин ја искажува љубовта кон семејството

- Детето ги именува членовите од своето семејство
- Детето може да се опише како се чуствува и што го прави среќно
- Детето умее да наброи неколку обичаии ,празници и прослави кои се практикуваат во семејството
- Набројуваа свои обврски и задолженија , како и на останатите членови од емејството
- Се грижи за лична хигиена и хигиената во домот
- Ќе се овозможи поблиска соработка со семејствата на децата и нашата установа

Предлог активности :

- Членови на моето семејство
- Игрите со мама и тато
- Рамка за мама,тато,дада, бато,баба, дедо
- Песна за мама
- Честитка за мама
- Цвет за баба
- Што е тоа љубов
- Моите дада и бате
- Сакам да бидам како...
- Срце од дланки
- Градинката мое второ семејство
- Моите обврски и должности во домот
- Приказните на баба и дедо
- Питата на баба
- Со мама заедно
- На излет со семејството
- Прослави во домот
- Правиме колачи
- Броиме и средуваме играчки
- Роденденска торта

- Имитативни игри
- Игри по улоги
- Семејно стебло
- Приказни за добра ноќ...

### 5.5.11. Традиција и обичаи – годишен проект учебна 2022/2023

**Координатор на проектот** ***: Елизабета Петрова - воспитувач***

Во текот на 2022/23 година континуирано во детската градинка Фемо Кулаков Неготино ќе се реализира Проектот „Традиција и обичаи“ со децата од 2-6 годишна возраст.

Традицијата, обичаите, манифестациите во нашиот крај се врската меѓу минатото и иднината. Ние сме дел од традицијата што не поврзува со нашите предци. Преку негување на традицијата , духот на нашите предци го поврзуваме со идните поколенија.

Негувањето на традицијата има за цел да се оживеат заборавените традиционални обичаи иигри кои се пренесувале од колено на колено, за стекнување на нови знаења, навики и вештини кај децата.

За таа цел во текот на годината ќе се реализираат следните активности кои ќе се реализираат преку сите домени (аспекти на развој) предвидени со долгорочното глобално планирање на темите .

1. Тиквешки гроздобер
2. стари занаети од нашиот крај
3. традиционални носии од нашиот крај
4.традиционална трпеза за празниците што следат
5.пеење на традиционални песни за коледе и василица
6.закројување на винова лоза-св. Труфун
7.прочка и обичаи за прочка
8.обичаи поврзани со празникот благовец
9. обичаи поврзани со празникот ѓурѓовден
10.игање на традиционални игри.

Сите активности што ќе се реализираат во текот на годината  од споменатиот Проект ќе бидат претставени во Извештајот за работа по Проектот преку конкретни содржини и фотографии.

## 5.6. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКИОТ ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Во текот  на учебната 2022/2023 година се планира стручно усовршување на згрижувачкиот, воспитно-образовниот кадар и стручните работници преку следните форми и активности.

- Стручно теоретско самостојно следење на стручна литература и стручни списанија кои ги има обезбедено ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “.
- Организирање на работници и стручни консултативни состаноци од страна на педагогот на ЈУОДГ “Фемо Кулаков.” и дел од воспитно-образовниот тим на теми поврзани со планираните проектни активности.
- Организирање на едукативна работилница од страна на педагогот за работа со деца, како и нивното следење.
- Учество на советувања и семинари кои ги организира МТСП,  Бирото за развој на образованието и други стручни институции.
- Учество на симпозиум и конгреси од воспитно-образовен карактер.
- Анализа на реализацијата на планираните проектни активности
- Други форми и активности кои што ќе ги организира ЈУОДГ на полето следење и вреднување на воспитно-образовна предучилишна установа.

### 5.6.1 План за професионален развој на давателите на услуги

**Септември 2022– Август 2023година**

**Потреби и можности за изготвување на програма за професионален развој навработените во установата за деца**

Брзиот општествен и техничко-технолошки развој ја наметнува потребата за квалитетнообразование во сите образовни нивоа (подсистеми).
Во тој контекст, особено големо значење имаобезбедувањето на квалитет во предучилишното воспитание и образование кое го опфаќапериодот на раниот детски развој , а се реализира во установите за деца (градинки).
За да може да сереализира ова мисија и одговори на новото време потребни се компетентни човечки ресурси,односно континуирано лично, стручно и професионално усовршување навработените воустановите за деца.

Во исто време тоа значи и создавање на предуслови за кариерен развој на вработените ( даватели на услуги )

За реализација на личното и професионалното усовршување на вработените, односно поттикнување и поддржување на континиумот на доживотно учење, во установата за деца ќе се користат различни форми на образование. Вработените го стекнуваат врз основа на секојдневното животно и работноискуство, преку читање стручна литература, користење материјали од Интернет страници, следењеемисии од едукативен карактер на електронските медиуми и преку комунакација со другите луѓе,пред сè со колегите на работа (колегијални разговори) преку стручните активи на воспитувачите и негувателите, нагледничасови (работа во групи на деца од различна возраст) и многу други форми.
Оваа година посебен акцент ќе се даде на формирање на Професионални заедници кои ќе бидат можност за разменување на искуства и работа на себе со цел унапредување на дејноста
Образованието опфаќа едукативни процеси кои се реализираат прекуфлексибилни или прилагодени наставни програми и методологија, соодветно на потребите иинтересите на вработените во установите за деца. Најпознати и користени форми ќе бидат семинарите после чија реализација учесниците добиваатсертификати, како потврда за реализирани активности, преку кои се стекнати одредени знаења,вештини, како и формирани ставови за извршување на конкретни работи и работни задачи.
Стручното усовршување ќе се реализира интерно ( во рамките на установата ) со внатрешен обучувач и екстерно , обука организирана од страна на МТСП, БРО и граѓански здруженија.

Како установа подготвуваме програма за професионален развој на вработените, која се подготвува врз основа на детектирање на потребите и приоритетите за стручно и професионално усовршување на вработените. Тоа го правиме преку саморефлексија или од самопроценка, но и преку евалуација ( оценување ) што ја спроведува директорот.

5.6.2 Програма Социјална кохезија и културен дијалог

Проектот „ Социјална кохезија и културен дијалог " спроведуван од УНИЦЕФ а поддржан од МТСП веќе три години се реализира во предучилишните установи за деца низ целата Република.
Избраните ментори од нашата установа , Елизабета Димова, Рајне Чукаркова и Душанка Димитријова Соколова , обучени преку циклус на обуки, започнаа со менторирање на сите воспитувачи и стручни работници. Менторирањето ќе продолжи и оваа програмска година.
Постојано ќе се планираат средби од страна на одговорните на проектот и истите насоки континуирано ќе бидат презентирани.
Планирано е да се состануваат два пати во текот на неделата во рамки на мали групи и заеднички да ги вежбаат предложените активности со дадени насоки за истите, за да може потоа секоја од воспитувачите успешно да ги спроведе во рамките на својата воспитна група.

5.6.3 Професионални заедници за учење

Професионалните заедници за учење се осмислени како тековен процес што ќе обезбеди континуирано подобрување на практиките на држење настава преку постојана вклученост на кадарот во продлабочени, систематски и колаборативни активности на професионален развој на ниво на предучилишни установи. Главната цел на професионалните заедници за учење е да воспостават позитивна култура која ќе овозможува учење од страна на децата преку вредности, норми и очекувања споделени меѓу воспитувачите во предучилишното образование.

Формирањето на професионалните заедници за учење ја надополнува тековната програма за социјален и емоционален развој фокусирајќи се не само на добросостојбата и развојот на децата во предучилишните установи туку, подеднакво, и на добросостојбата и развојот на воспитувачите во предучилишните установи како еден од клучните фактори за постигнувањата на децата.

Оваа програмска година планираме интензивно да ги актуелизираме професионалните заедници како една можност за градење на тимска работа, меѓусебна комуникација и споделување на позитивни практики помеѓу воспитнио-згрижувачкиот кадар и стручната служба.

# 6. ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОГРАМИ НА СТРУЧНИТЕ ТЕЛА

## 6.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот на установата во учебната 2022/2023 година своите ангажирања ќе ги насочува кон целоснореализирање на програмските задачи, а воедно ќе биде и главен организатор и координатор нацелокупната дејност на детската градинка. Директорот работата ќе ја остварува во рамките на законите, задачите инадлежностите кои се утврдени соСтатутот и актите на Установата.
Своите задачи и активности ќе бидат насочени кон следните глобални цели :

- стручно и ефикасно водење на целокупната работа на Установата од секој аспект
- комуникација со Градоначалникот и надлежното Министерство за прифаќање на што поголем број на деца кои моментално се на листа на чекање, со тоа отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата

Во однос на концепциско-програмската работа, Директорот ќе ги реализира следниве активности :

- спроведување на мерки за реализирање на Законот за заштита на деца.
- учество во изготвување на Финансов план и Финансов извештај и предлагање доУправниот одбор, Советот на Општина Неготино и Министерството за труд исоцијална политика
- непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа, предвиденисо закон и обезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во установата
- обезбедување услови за организација на правилна исхрана на децата, поаѓајќи оденергетските потреби и нормативите предвидени од Заводот за домаќинство на РМ.
- обезбедување кадровски услови за нормално одвивање на дејноста во текот нагодината.
- Редовно учество на седници на Управен одбор во однос на негово информирање

за состојбата и застапувајки ја Установата, реализирајќи ги одлуките и заклучоците,донесени по разни основи

- Редовна контрола над работата на административно-финансиско работење наградинката;
- Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирањена Планот за јавни набавки во Установата;
- Следење, контрола и надзор при изготвување на исхраната за децата, планирањена листата за јадење, контрола на артиклите од кои таа се подготвува;
- Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко-воспитната работа со децата;
- Непосредно учество во комисиите и директна реализација на Програмата затековно и инвестиционо одржување, со цел да се подобри безбедноста на објектите ипрестојот на децата во нив;
- Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветниодлуки решенија и наредби со кои се решаваа определени прашања, права иодговорности на вработените;
- Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање наопределени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;
- Следење и евалуација на работата на одговорните во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација;
- Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установатапред надворешната јавност, како пример за успешна и добро реномирана градинка ;
- Носење одлуки и решенија согласно Законот за работни односи и Законот зајавни службеници. - создавање услови и материјални средства за реализирање напрограмата за тековно и инвестиционо одржување.
- Вклучувањето на родителите во Советот на родители и непосредната соработка
- Редовна комуникација со родители на децата кои престојуваат во Установатапреку индивидуални разговори, присуство на родителски средби групни средби,едукативни средби и други форми на соработка;
- Директорот редовно ќе ги следи промените на Законот и реформите во системот,запознавајќи се со законските регулативи

.

**Приоритетна задачи во оваа година ќе бидат:**

- Создавање позитивна клима во колективот
- Создавање услови за тимска работа која е неопходна во процесот на секојдневното планирање и работење

- Создавање на подобри услови за непречен раст и развиток на децата
- Јакнење на чувството на сигурност и стабилност на вработените во реализација наработата и работните задачи.
- Непосредно соработка со Советот на родители;
- Непосредно соработка и координација со стручните работници и соработници ворамките на остварување на дејноста;
- Анализа и изготвување на табели и прегледи за бројот на запишани,присутни и отпишани деца.Дополнителни анализи и истражувања во врска со состојбата на присутноста на децата на ниво на воспитна група и на ново на градинка во целост;
- Учество во планирање на исхраната на децата и воедно вршење на анализа на месечната потрошувачка на истата;
- Планирање на тековно и инвестиционо одржување на објектите и опремата;

Покрај редовното тековно одржување на објектите планираме:

- Обновување на дидактички материјал
- Набавка на образовно –наставни помагала
- Обновување на работна униформа  и обувки
- Тековно одржување на објекти
- Промена на  електричните апарати во кујната ,
- Оплеменување на дворните површини
- Набавка на компјутерска опрема
- Набавка на клима уреди по занималните

За реализација на овие планирања ќе се користат средства од:
1.Сопствени извори и
2.Блок  дотација

**Итни потреби за градинката:**

- Промена на кровната конструкција во клон Мајски Цвет и понатаму е приоритет. Овој проблем веќе неколку години се провлекува, се планира , но реализацијата изостанува. И оваа година ќе се залагаме за изнаоѓање начини за промена бидејќи кровот е од салонитни табли и истите треба да се заменат со соодветен материјал за заштита на животната средина,Кровната конструкција е од 1982 година.
- Промена на надворешна столарија/ енергетски ефикасна- во објект Пролет. И овој проблем не е решен повеќе години.

- Поради зголемен број на деца во с, Тремник и потребата истите да бидат згрижени, во текот на летниот перид започна подготовка на нов простор за згрижување на предучилишните деца. Имено досега децата беа сместени во една мала просторија која беше дел од подрачното училиште кое е дел од основното училиште „ Гоце Делчев “ . Наидовме на разбирање од страна на Локалната самоуправа и добивме простор кое е во нивна сопственост. Со помош на локалното население и наши средства започна и е во тек реновирање на две простории кои ќе бидат нормативно подготвени да згрижат 30 тина предучилишни деца. Се надеваме наскоро ќе се изврши технички прием и децата ќе бидат навремено згрижени.

## 6.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРЕДУЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ

Спроведување и следење на Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0-6 години и Програмата за рано учење како и стимулацијата на раниот детски развој остануваат главна цел на работата и делувањето на стручниот работник - педагогот . Таа својата работа ја планира со своја годишна програма за работа, која е дел од годишната програма за работа на установата за учебната 2022/2023 година. Истата ќе биде насочена кон унапредување на воспитно-образовната работа во целост, опфаќајќи го воспитно-образовниот тим, родителите и децата . Основната цел ќе ја реализира преку неколку основни задачи кои ќе се одвиваат континуирано во текот на целата учебна година:

1. Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во детската градинка;
2. Следење и унапредување на реализацијата на планот и програмата на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар;
3. Вршење на педагошко инструктивна работа и соработка со воспитниот тим со цел унапредување на воспитно-образовната работа;
4. Менторирање и помагање на воспитно-образовниот тим за професионален развој
5. Стручно усовршување на воспитно – образовниот и згрижувачкиот кадар во детската градинка и надвор од неа;
6. Учество во планирањето и реализацијата на работата на стручните тела на детската градинка;
7. Следење на развојот и непосредна работа со децата;
8. Соработка и советодавна работа со родителите на децата и учество во планирањето и реализацијата на планот и програмата на Советот на родители;
9. Соработка со општествената средина и стручните институции;

10. Индивидуално стручно усовршување;
11. Подготовка и водење на документација на работа;

1. ***Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во детската градинка***

**Цел :** Примена на педагошките сознанија во практиката за да се овозможи унапредување на воспитно-образовната работа во детската градинка.

Содржини на работа:

- Подготовка на своја годишна програма за работа .
- Подготовката на годишната програма за работа на Советувалиште за деца и родители „ Виножито “ за учебната 2020/2021 година
- Подготовката на годишниот извештај за работа на педагогот за учебната 2019/2020 година
- Подготовката на годишниот извештај за работа на Советувалиштето за деца и родители за учебната 2019/2020 година
- Подготовка на годишен извештај за работата на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “
- Подготовка на годишна програма за работа на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “
- Внесување на податоци во електронската евиденција и документација
- Учество во изработката на програмата за работа на стручните совети како и програма и план за нивно усовршување.
- Формирање на воспитни групи според возраста на децата.
- Учество во подготовката на распоредот и организацијата на дневниот режим и воспитно-образовната работа со децата, почитувајќи ги психофизичките можности и потреби на децата.
- Учество во планирањето на разни методи и содржини на соработка со родителите .
- Учество во планирањето и програмирањето на воспитно- образовната работа по воспитни групи.

2. ***Следење и унапредување на реализацијата на планот и програмата на воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар.***

**Цел** : Резултатите од следењето треба да послужат за поуспешно планирање и програмирање, унапредување на воспитно-образовниот процес и

благовремено воочување на проблемите и потребите од превентивното педагошко делување.

Содржини на работа:

- Подготовка на разни инструменти за анализа на одредени проблеми и појави од својот домен на работа и по потреба.
- Помош при изготвувањето на годишните програми за работа по воспитни групи и дирекна помош во изготвувањето на програмите кај новите воспитувачи
- Вклучување во планирањето на темите, и помагање при водењето на педагошка евиденција и документација за работа по воспитни групи, во хартиена и во електронска верзија
- Следење на влијанието и прилагоденоста на програмските содржини со индивидуалните и возрасни можности на децата по воспитни групи
- Учество и следење на реализацијата на активностите кои се планираат во програмата на стручните совети на воспитувачи и негователки, како и во програмата на советот на родители.
- Следење и анализа на тематската поврзаност на програмските содржини и воспитно-образовни задачи преку следење на активностите со децата во текот на целиот престој.
- Помош во изнаоѓањето на содржини и активности кои се поврзани со тематските планирања по воспитни групи.
- Учество во планирањето и реализацијата на проектните активности
- Учество и помош во активностите од проектот за колегијална поддршка
- Учество во планирањето и реализацијата на активностите на Професионалните заедници

### 3. *Педагошко – инструктивна работа и соработка со воспитувачите и негователките во ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “*

**Цел** : Унапредување на воспитно-образовниот процес

Содржини на работа:

- Во постојаниот контакт со воспитно-образовниот кадар и преку следење на реализацијата на активностите во воспитни групи, ќе се врши анализа на методите и постапките на работа со децата.

- Преку инструктивна работа ќе се влијае при изборот на содржините во воспитно-образовната работа за користење на најновите сознанија од психичкиот развој на децата од конкретната возраст.
- Запознавање со најновите сознанија од областа на педагогијата за воведување на иновации во воспитно-образовниот процес
- Помош и давање на соодветни инструкции на воспитувачите во врска со следењето на децата
- Континуирано ќе ги проучува и следи социоемоционалните контакти и односи меѓу децата и помеѓу децата и возрасните, се со цел унапредување на истите.
- Ќе учествува во планирањето на набавка на дидактика и играчки како и нивна изработка од страна на воспитно-образовниот тим, нивна соодветна примена во воспитно-образовниот процес
- Ќе соработува и ќе врши инструктивна работа со воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар при естетското уредување и дидактичко обликување на просторот во детската градинка.
- Консултации и планирање на работата поврзана со јавната и културната дејност и ќе дава соодветни инструкции за подобрување на истата
- Консултации и давање на препораки за организирање на активности со децата

4. ***Менторирање на воспитно-образовниот тим за професионален развој***

Цел : Да се изгради систем на професионален развој

Содржини на работа:

- Континуирано ќе ги запознава и воведува во значењето на постојаниот професионален развој
- Континуирано ќе врши јакнење на индикаторите од различните области на професионалниот развој
- Ќе се грижи постојано за оддржување на нивото на квалитет во работењето
- Дополнување на своето Развојно портфолио

5. ***Стручно усовршување на воспитно – образовниот и згрижувачкиот кадар во детската градинка и надвор од неа***

**Цел :** Користење на научни методи и сознанија за пренесување на најновите искуства од обласа на педагогијата, психологијата кои се јавуваат како потреба во воспитно-образовниот процес

Содржини на работа:

- Ќе учествува во работата на стручните тела на ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “ во делот на реализацијата на програмските активности.
- Ќе соработува со директорот на детската градинка во врска со планирањето, организацијата и аналитичко-истражувачката работа.
- Ќе планира, ќе организира и реализира работилници и семинари со воспитно-образовниот тим на градинката
- Подготовка и реализација на обуки за родителите на децата

***6. Учество во планирањето и реализацијата на работата на стручните тела на детската градинка;***

**Цел :** Преку следење и реализација на планот и програмата на работа на стручните тела ќе се влијае на квалитетот на работата како и за поуспешно планирање и програмирање, но и унапредување на воспитно-образовниот процес.

Содржини на работа:

- Ќе ги следи програмските содржини со можностите за вклучување во планирањето и реализацијата на истите.
- Ќе учествува во реализацијата на дел од активностите кои се планираат во програмите на стручните тела.
- Ќе ја следи тематската поврзаност на програмските содржини и воспитно-образовните задачи
- Ќе води грижа за поцелосно планирање и реализација на јавната и културната дејност, а со тоа ќе се збогатува општествениот и културниот живот во детската градинка.

***7. Следење на развојот и непосредна работа со децата.***

**Цел:** Проучување на психофизичкиот развој на децата во текот на годината преку воспитно-образовниот и згрижувачкиот процес

Содржини на работа:

- Ќе го следи континуирано процесот на адаптација на новопримените деца ;
- Ќе учествува во формирањето на воспитните групи
- Ќе се следи социоемоционалниот развој на децата по воспитни групи
- Ќе учествува во откривањето на деца кои имаат развојни проблеми
- Ќе се следи моторниот развој на децата од јаслена возраст и кај децата од поголемите воспитни групи со цел соодветно планирање на активности за поттикнување на овој развој и за работа со децата кои имаат потешкотии
- Ќе се следат интерперсоналните односи помеѓу децата и воспитниот тим
- Преку предллагање на соодветни активности ќе се поттикнува и насочува сестраниот развој на детската личност во сообразност на психофизичките карактеристики и индивидуалните можности на децата
- Во постојана соработка со воспитно-образовниот и згрижувачкиот кадар ќе се работи со децата кои имаат проблеми во адаптацијата, во социјалните контакти, кои имаат одредени емоционални проблеми, како и комуникациски пречки. Ова ќе се реализира преку соодветни активности со децата, со разговор и со соработка со семејствата на децата

### *8. Соработка и советодавна работа со родителите на децата и учество во планирањето и реализацијата на планот и програмата на Советот на родители*

**Цел:** Советодавна работа со родителите преку родителски средби, неформални средби, индивидуални контакти, работилници, консултативни разговори и учество во работата на Советот на родители. Имплементација на програмата на Советувалиштето за деца и родители.

Содржини на работа:

- Ќе ја планира и поттикнува работата со родителите како рамноправни партнери во работата на детската градинка
- Постојано ќе изнаоѓа стратегии за нивно вклучување
- Ќе води инструктивна и советодавна работа со родителите
- Индивидуално ќе соработува со родителите на децата во адаптациониот период
- Директно ќе учествува во планирањето и реализирањето на родителските средби во зависност од тоа во каков облик ќе бидат реализирани

- Ќе планира и реализира  едукативни работилници и обуки со родителите чии деца ја посетуваат детската градинка и сите други заинтересирани родители.
- Ќе учествува во работата на Советот на родители
- Ќе планира активности за вклучување и на поширокото семејство во активностите доколку се јави потреба
- Ќе учествува во планирањето и реализацијата на посети во домашни посети ако за тоа се јави потреба
- ќе подготвува флаери со цел информирање и едукација на семејствата на децата
- ќе учествува дирекно и индиректно во сите планирани активности од работата на Советувалиштето за деца и родители

***9. Соработка со општествената средина и стручните институции;***

**Цел:** Унапредување и поцелосно остварување на севкупните задачи на предучилишното воспитание и образование

Содржини на работа:

- Дирекно ќе учествува во планирањето и реализацијата на јавната и културната дејност
- Ќе планира посети, акции, промотивни настани поврзани со планираните проекти
- Ќе ја продолжи и продлабочи соработката  со стручните институции кои се поврзани со децата
- Ќе соработува со други предучилишни организации и основни училишта доколку има потреба

***10. Индивидуално стручно усовршување***

1. **Цел:** Збогатување со нови стручни сознанија и својот личен професионален развој.

Содржини на работа:

- Ќе следи и проучува нова стручна литература од својата област

- Континуирано ќе го збогатува своето професионално портфолио
- Ќе учествува на сите обуки, семинари и работилници на кои ќе биде поканета
- Индивидуално стручно ќе се усовршува.

***11. Подготовка и водење на документација за работа***

**Цел:** Континуирано планирање и следење на својата работа

Содржини на работа:

- Ќе ја подготвува својата работа преку планирање
- Ќе води секојдневна евиденција за својата работа
- Ќе го следи бројот на деца по воспитни групи и ќе води соодветна анализа
- Ќе собира информации за подготовка на годишната програма на детската градинка
- Ќе учествува во подготовката на планот и програмата на останатите стручни соработници и стручни тела во детската градинка
- Ќе собира информации за подготовката на годишниот извештај за својата работа
- Ќе подготвува соодветни брошури, флаери и информативни листови кои ќе бидат поврзани со секојдневната работа, со актуелните случувања од реализацијата на темата.
- Ќе учествува и ќе помага во изработката на статистички податоци потребни за детската градинка
- Ќе води евиденција за сите запишани деца во детската градинка

## 6.3.ПЛАН И ПРОГРАМА НА ПСИХОЛОГОТ

Улога на предучилишниот психолог е насочена кон исполнување на Стандардите за рано учење и развој преку превенција (процена, идентификација и едукација) , рана интервенција (преземање на рани мерки) и континуирано следење на развојот на предучилишните деца. Превентивните програми ќе се реализираат преку едукацијата на родителите и на воспитно згрижувачкиот кадар како и следењето на развојот на сите деца од 0- 6 годишна возраст.

Дијагностиката е специфична потреба, советувањето односно директната терапија на утврдените посебните потреби на децата и е составен дел од раната интервенција.

**ПРИНЦИПИ НА РАБОТА НА ПРЕДУЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ:**

- **Холистички**: секоја појава поврзана со детето треба да се разгледа во целост и во светлоста на контекстот во која се одвива.
- **Тимски**: делување во оквирот на трансдисциплинарни тимови во градинката.
- **Иновациски**: се користи со егзактно добиени, проверени податоци, со високи методолошки стандарди, постојан личен и професионален развој.
- **Функционални:** се земаат во предвид моменталните можности, потреби и интереси на децата, кај планирањето на воспитно образовната работа со предучилишните деца.

**ЦЕЛТА НА СТАНДАРДИТЕ ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ** на работа на психологот во предучилишната установа е:

- Следење и поддршка со адекватно задоволување на детските потреби, остварување на неговите права, т.е осигурување на одговарачки стабилно и поттикнувачко опкружување за секое дете, со својата лична и родителска автономија.
- Помош на децата, воспитувачите и родителите што поквалитетно да ги развијат своите психофизички потенцијали т.е да го одржат своето психолошко здравје.

**ОСНОВНИ ФУНКЦИИ НА ПРЕДУЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ СЕ:**

1. Превенција (процена, идентификација, едукација)
2. Рана интервенција (преземање мерки)

**А) ПРЕВЕНЦИЈА**

- Превентивни програми, едукација (на родителите и на воспитно згрижувачкиот кадар) и следење на развојните промени кај сите деца се дел од процесот на превенција.

1. **Превентивни програми.** Психологот делува во соработка со националните и превентивни програми наменети за вработените во градинката. (сигурност на децата, откривање и утврдување на надареноста, посебните потреби на децата) по потреба заедничко или паралелно делување со сличноста на содржините во детската градинката.

2. **Едукација.** Многу важна задача на психологот како превентива во детската градинка е заедничкото делување со тимовите во организацијата и спроведување на континуирано усовршување на воспитниот тим и родителите , со цел поттикнување на нивниот личен раст и развој. И во таа категорија спаѓаат:

- Изработка на проекти, акциони истражувања со цел унапредување на воспитно згрижувачката работа.
- Изработка на протоколи, анкети, записници, летоци, брошури, едукативни материјали и текстови со психолошки тематики за потребите на градинката.

Во годишната Програма за работа ќе бидат опфатени следните подрачја на делување :

- Проценување на одредени аспекти на работата на воспитно – згрижувачкиот кадар, задоволување на потребите на децата, спроведувањето на планираните задачи на воспитно – образовната работа, почитување на правата на децата.
- Водење советодавни разговори и консултации со воспитно – згрижувачкиот кадар за децата.
- Планирање и водење на родителски состаноци и работилници со психолошка тематика.
- Учество во планирање и / или спроведување на психолошки кризни интервенции.
- Организирање, планирање и водење работилници за воспитни – згрижувачкиот кадар (развојните карактеристики на децата, кризни периоди, образовни концепции)
- Препорака на соодветна стручна литература.

3. **Следење на развојот.** Најголем дел од работата на психологот како превенција во предучилишната установа се однесува на утврдување на развојниот статус на детето (процена, идентификација). Сукцесивното проценување и следење на психофизичкиот развој и напредувањето на сите деца доведува до операционализација на прилагодени развојни задачи за поедини деца. Планираната грижа/нега за детето и поттикнувањето на неговиот ран развој претпоставува и препознавање, уважување и задоволување на детските примарни и секундарни развојни и посебни потреби.

   Работни задачи и методи на работа на тоа подрачје:

   - Опсервација на децата во групата (следење на адаптацијата, следење на развојот, комуникацијата, социоемоционалната клима, итн.)
   - Утврдување на општиот развоен статус на сите деца (развојни листи, тестирања)

- Проценување на психофизичката спремност за во училиште – по потреба и информирање на родителите
- Следење на задоволувањето на биолошките и психичките потреби на детето преку воспитно згрижувачката работа.
- Водење на документација за децата ( листи на следење на адаптацијата на новопримени и префрлени во друг објект деца, социограм итн.)
- Водење на иницијални интервјуа.

## Б) РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Дијагностиката на специфични посебни потреби, советување односно директна терапија со децата со утврдени потешкотии се составен дел од раната интервенција.

1. **Дијагностика на специфични посебни потреби.** Практично се користат истите методи со кои се следи развојот кај сите деца:
   - Опсервација на детето во групата;
   - Се анализира анамнезата од надворешни институции;
   - Врши идентификација на децата кои имаат посебни потреби преку примена на психодијагностички средства , пишува мислење;
   - По потреба упатува деца во надлежна установа на дополнителен специјалистички преглед, дијагностика и третман, зависно од проблемот.
2. **Советување.** Во склоп на раната интервенција за децата со потенцијални, минливи и трајни посебни потреби психологот спроведува советување за родителите и воспитно – згрижувачкиот кадар со цел ускладување на родителската и институционалното делување на детскиот развој и напредување:
   - Изработка на индивидуални планови за децата со посебни потреби (по потреба);
   - Водење на советодавни разговори и консултации со воспитно – згрижувачкиот кадар и родителите за децата со посебни потреби;
   - Организирање и водење на групи за поддршка за родителите на деца со потешкотии или други посебни потреби;
   - Соработка со основните училишта, центарот за социјална работа, со специјализирани институции итн;
3. **Тераписка работа.** Конечно, раната интервенција вклучува и психотераписка работа со децата и родителите кои имаат потреба од терапија.
   - индивидуална или групна тераписка работа со децата;

- индивидуална или групна тераписка работа со родителите на децата;
- организирање и/или водење на кратки специјализирани програми за деца со посебни потреби (надарени деца, деца со потешкотии во развојот итн);
- упатување на специфична терапија во друга здраствена институција.

Целта на работата на психологот е да придонесе за остварување на општествените цели и задачи на предучилишното воспитание и образование и се остварува преку следните задачи:

- Следење и поттикнување на поволни услови за индивидуален и сестран развој на децата;
- Проучување на психолошките проблеми на децата во згрижувачкиот и воспитно образовниот процес и апликација на добиените сознанија;
- Соработка со родителите, со оние чии деца имаат потешкотии во психофизичкиот развој; родители на надарени деца кои имаат потреба од поддршка и одржување на надареноста,
- Ширење и продлабочување на психолошките знаења меѓу воспитувачите, негователите и родителите и нивна практична примена во воспитно – образовната работа;
- Приоритетна задача ќе биде обезбедување на стимулативна средина за раст и развој на детската личност.

## ОСНОВНИ ПОДРАЧЈА НА РАБОТА

1. Учество во програмирањето и планирањето на воспитно – образовната работа во детската градинка.
2. Следење и унапредување на реализацијата на планот и програмата на воспитно образовниот и згрижувачкиот кадар.
3. Педагошко – инструктивна работа со воспитно – образовниот и згрижувачкиот кадар.
4. Следење на развојот и непосредна индивидуална и групна работа со деца.
5. Соработка и советодавна работа со родителите на децата.
6. Аналитичко истражувачка работа во детската градинка.
7. Индивидуално стручно усовршување.
8. Учество во работата на стручните органи и стручното усовршување на воспитно – згрижувачкиот кадар.
9. Соработка со општествената средина и стручни институции

10. Подготовка и водење на документација за работа.

## 1. ПРОГРАМИРАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Цел: Примена на психолошки сознанија во практиката за да се овозможи унапредување на воспитно образовната работа во предучилишната организација.

- Изготвување на годишен, глобален план и програма за сопствената работа.
- Учество во изработката на програмата и планот за стручно усовршување на стручните совети на детската градинка.
- Учество во формирање на воспитни групи според возраста и психо физичките особености на децата
- Планирање на разни методи и содржини на соработка со родителите на ниво на детската градинка.
- Помош на воспитувачите при изборот на содржините во воспитно образовната работа за користење на сознанија од областа на психофизичкиот развој и неговите законитости.

## 2. СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА НА ВОСПИТНО – ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Следењето ќе се реализира со присуство на активностите по воспитни групи, соработка со воспитно – згрижувачкиот кадар, анализа на методите и постапките на работа од психолошки аспекти , по пат на аналитичко – истражувачка работа.
Резултатите од следењето треба да послужат за поуспешно планирање и програмирање, унапредување на воспитно – образовниот процес и навремено воочување на проблемите и потребата од превентивно психолошко делување.

Содржини на работа:

- Изработување на инструменти за анализа на одделни проблеми и појави од својот домен на работа.
- Следење на одмереноста и прилагоденоста на програмските содржини и можности на децата од конкретната област; интелектуалниот и социо емоционалниот развој на децата.

## 3. ПЕДАГОШКО - ИНСТРУКТИВНА РАБОТА И СОРАБОТКА СО ВОСПИТНО - ЗГРИЖУВАЧКИОТ ТИМ

Цел:

- Унапредување на воспитно – образовниот процес.

Содржини на работа:

- Учество во реализацијата на воспитно – образовниот процес.
- Запознавање на воспитниот тим на воспитно образовната дејност со најновите психолошки сознанија.
- Давање помош на воспитувачите за методологијата на следење на психо-физичкиот развој на децата.
- Проучување на социо емотивните контакти и односи меѓу децата.
- Учество при изработка на дидактичи и други материјали (играчки, апликации, и др.) и нивна примена во непосредната работа со децата.
- Инструктивна работа и соработка со воспитно – згрижувачкиот кадар при естетското и дидактичкото обликување на просторот во занималните.
- Инструктивна работа со воспитно – згрижувачкиот кадар за формирање на здрави, позититивни особини кај децата.
- Педагошко инструктивна и советодавна работа со воспитно згрижувачкиот кадар на различни теми.

## 4. СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ И НЕПОСРЕДНА РАБОТА СО ДЕЦА

Цел:

Проучување на психофизичкиот развој на децата во текот на воспитно образовниот процес, акцентот е повеќе на социо емоционалниот, сензомоторниот и когнитивниот развој.

Содржини на работа:

- Следење на процесот на адаптација на новопримени деца или преместени деца од други воспитни групи и објекти;
- Социо емоционалниот развој на децата по воспитни групи;
- Психомоторниот развој на децата од јаслена возраст и одделни деца од другите воспитни групи кои имаат тешкотии во нивниот психо моторен развој;

- Во соработка со воспитно згрижувачкиот кадар, идентификација на децата кои имаат проблеми во адаптацијата, социјалните контакти, емоционални проблеми, говорни пречки и пречки во стекнувањето на хигиенските навики;
- Подготовка на психолошки работилници по воспитни групи;
- Идентификација и работа со надарени деца – во соработка со воспитниот тим од големите групи, .

## 5. СОРАБОТКА И СОВЕТОДАВНА РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА

Цел:

Стручна помош на родителите, заради овозможување на оптимален, психофизички развој на децата, кога се јавуваат пречки или проблеми од психичка природа.

Форми на работа:

Групна форма – предавања и работилници на теми од областа на детската психологија.

Индивидуална форма:

Разговори и консултации, заради надминување на потешкотиите во адаптацијата, развојните кризи на децата и некои отстапувања во психо – физичкиот развој на децата.

## 6. АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Цел:

Да се проучат настанатите проблеми со примена на научни сознанија и да се применат соодветни решенија.

## 7. ИНДИВИДУАЛНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Цел:

Добивање на нови психолошки сознанија, за понатамошно нивно искористување во воспитно образовната работа. Следење на стручна литература и списанија, присуство на состаноци на педагози и психолози, заради размена на искуство и договори за заедничка работа и соработка.

## 8. УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО – ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Цел:

Користење на научно верификувани методи за пренесување на најновите сознанија од областа на психологијата и другите науки на воспитно – згрижувачкиот кадар.

Содржини на работа:

- Учество во работата на сите стручни тела во детската градинка, заради решавање на настанатите проблеми.
- Соработка со директорот, педагогот и воспитувачите за планирањето, организацијата и аналитичко истражувачката работа во детската градинка.
- Активно и континиуирано реализирање на планираните содржини од Програмата на Советувалиштето за родители и деца

## 9. СОРАБОТКА СО ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА И СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ

Соработка со:

- Филозофски факултет – институт за психологија
- Биро за развој на образованието во Македонија
- Медицински центар
- Центар за социјални работи
- Психолози и педагози од други детски градинки и основни училишта

## 10. ПОДГОТОВКА И ВОДЕЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РАБОТА

- Дневник за работа
- Досие за работа со деца на кои им е потребен посебен третман
- Документација за советодавна работа со родители
- Документација за следени активности по воспитни групи
- резултати од извршена опсервација.

Предучилишниот психолог ја збогатува содржината на работата во градинката и квалитативно придонесува за целокупната организација на воспитната работа.

## 6.4. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НАДЕФЕКТОЛОГ – ЛОГОПЕД

Во рамките на предучилишната установа за згрижување,воспитување и образование на деца од предучилишна возраст ”Фемо Кулаков’’од Неготино,работи стручно лице Дефектолог –Логопед.
Целокупната професионална и стручна активност на Дефектолог-Логопедот се движи во неколку основни насоки.
Основни работни насоки и цели на Дефектолог-Логопедот се:

**1.Превентива на говорни отстапувања** кај децата и негување на правилни говорно-јазични навики,вештини и способности;

**2.Рана детекција(откривање) на говорни отстапувања** кај децата од предучилишна возраст;

**3.Правилно дијагностицирање** и утврдување на видот и степенот на говорните отстапувања;

**4.Спроведување на логопедски третман** и корекција на откри- ените говорни отстапувања;

**5.Помагање на говорно-јазичниот развој** кога е тој под нивото на адекватната возраст на детето.

**6.Рана детекција на деца** со отстапување или заостанување во психофизичкиот развој т.е деца **со потешкотии во развојот**;

**7.Спроведување на дефектолошки и логопедски третман** со деца кои имаат отстапување или заостанување во психофизичкиот развој.

### <u>ОСНОВНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА</u>

Својата професионална активност Дефектолог-Логопедот ќе ја насочува во следните области на работа:

**•Следење на говорно – јазичниот развој кај децата и детекција на деца со говорно-јазични отстапувања**

**•Следење на целокупниот психофизички развој кај децата и детекција на деца со потешкотии во развојот**

**•Спроведување на Логопедски и Дефектолошки третман (Непосредна работа со децата)**
**•Соработка со воспитно – образовниот тим во установата**
**•Соработка со директорот, педагогот и психологот во установата**
**•Соработка со родителите на децата опфатени со Логопедски и Дефектолошки третман**
**•Водење на логопедска и дефектолошка документација**
**•Соработка со стручни лица и стручни институции**
**•Индивидуално стручно усовршување**

## •Следење на говорно – јазичниот развој кај децата и детекција на деца со говорно-јазични отстапувања

Логопедот ќе го следи говорно-јазичниот развој кај децата на одредена возраст.На почетокот на учебната година тој ќе изврши тестирање-испитување на говорот кај децата од големите и средните воспитни групи во Установата, во трите Објекти во Неготино: „Пролет“„Мајски Цвет“ и „Темјанушка“ и групите во други просторни услови во с.Пепелиште, с.Криволак и с.Тремник.
При тестирањето на говорот кај децата логопедот планира да користи тестови кои се однесуваат на одредени аспекти на говорот и кои даваат комплетна слика за нивото и степенот на говорно-јазичниот развој на секое испитано дете:
•Тест за испитување на изговорот(артикулацијата) на говорните гласови;
•Тест за испитување на аудитивната дискриминација на говор.глас.
•Тест за испитување на реченицата;
•Тест за испитување на речникот;
•Тест за испитување на говорното опишување;
•Тест за испитување на логички поврзан говор;
Логопедот планира да го следи говорно-јазичниот развој и кај децата од помалите возрасни групи со непосредна комуникација и разговор со децата во занимална.
Логопедот посебно внимание посветува на рано откривање на деца кои имаат помало или поголемо отстапување или заостанување во психофизичкиот развој т.е рана детекција на деца со потешкотии во развојот.

## 2.Следење на целокупниот психофизички развој кај децата и детекција на деца со потешкотии во развојот

Дефектолог-Логопедот покрај следење на говорно-јазичниот развој, ќе го следи и целокупниот психофизички развој кај децата.
На почетокот на учебната година, дефектолог- логопедот при спроведу-вање на индивидуално испитување (тестирање) на говорот кај сите дечиња од големите и средни воспитни групи, кај оние дечиња кај кои ќе забележи видно забавување и заостанување во говорно-јазичниот развој пристапува кон комплетно испитување на сите аспекти од развојот: развој на моториката (крупна и ситна), когнитивен развој, социо-емоционален развој и на основа на добиените резултати го одредува степенот или нивото на психомоторен развој на детето и детекција (откривање) на одредени потешкотии во развојот.
Дефектолог-Логопедот, кај помалите воспитни групи се вклучува во занимална и со непосредна и спонтана комуникација со децата кај некои од нив забележува (детектира) одредени потешкотии и отстапувања во развојот и истите понатаму дополнително ги следи и ги опсервира со цел одредување на видот и степенот на развојните потешкотии.
Голема улога во детекцијата (откривање) на децата со потешкотии во развојот во помалите воспитни групи имаат воспитувачите на воспитните групи во кои се вклучени овие деца.Тие уште од првите контакти и однесувања на детето во занималната укажуваат на одредени отстапувања во нивниот развој. Дефектолог-Логопедот понатаму индивидуално ги следи и ги опсервира овие дечиња, ги испитува сите аспекти од нивниот развој и утврдува евентуално постоење на одредени развојни потешкотии.

## 3.Спроведување на Логопедски и Дефектолошки третман (Непосредна работа со децата)

Во зависност од извршеното испитување на состојбата на говорно-јазичниот развој на децата од големите воспитни групи, кај сите деца кај кои ќе бидат откриени одредени говорно-јазични отстапувања ќе се пла- нира и ќе се спроведува логопедски третман.
Логопедот планира да спроведе логопедски третман и со децата од средните воспитни групи кои имаат поголеми говорни отстапувања.
Логопедот кај децата со заостанување во психофизичкиот развој т.е деца со потешкотии во развојот планира и реализира комплетен дефекто лошки и логопедски третман.
Логопедскиот третман се спроведува индивидуално и групно.
-Индивидуално се спроведува со секое дете посебно кое што има потреба од корективен логопедски третман и кога се работи за посложени и комбинирани говорни отстапувања.

-Групно се спроведува со две или повеќе деца заедно кои имаат исти или слични говорни отстапувања,а со тоа и слични логопедски вежби.

Говорните отстапувања кои се јавуваат во детската возраст и се третираат од страна на логопедот се групираат во неколку групи:

**а) Отстапување во правилниот изговор или артикулација на говорните гласови(Дислалија).**

Ова отстапување може да биде:

-Неизговарање и неупотреба на одреден глас во говорот,најчесто гласот**„Р„ - (Омисија**)

-Замена на одреден глас или група гласови со нивни слични гласови (с-ш, з-ж, ц-ч, ѕ-џ) - (**Супституција)**

-Неправилно изговарање на одреден глас,кое не одгавара на стандардните изговорни норми - **(Дисторзија**).

Најчесто се зафатени гласовите од групата на фрикативни(с,з,ш,ж) и африкативни гласови(ц,ѕ,ч,џ,ќ,ѓ).

**б) Отстапување во равојот на јазичната структура - (Дисфазија).**

Овде спаѓаат следните говорни проблеми:

-Неможност за формирање на граматички правилни реченици со правилна употреба и распоред на сите видови на зборови;

-Недоволен фонд на зборови како во областа на активниот така и во областа на пасивниот речниик;

-Неможност во сфаќањето на смислата на одредена говорна целина;

-Неможност за логично поврзување при говорната формулација и изразување.

**в) Остапување во флуентноста (течноста) на говорот или отстапување од правилниот ритам и темпо на говорот:**

**(Пелтечење, Брзоплет говор,Успорен говор).**

Овие отстапувања се нарекуваат **Дизартрија**.

## Планирање на логопедски третман

Во зависност од видот и степенот на говорните отстапувања се планира индивидуален или групен логопедски третман со децата со примена на одредени логопедски вежби за корекција на говорните отстапувања:

**I.Вежби за правилна артикулација(изговор) на говорните гласови:**

- вежби за развој на аудитивната перцепција;
- вежби за развој на аудитивната дискриминација;
- вежби за подобрување на функцијата на говорните органи;
- вежби за правилно поставување на говорните органи и правилно усмерување на воздушната струја;
- вежби за правилен изговор на говорните гласови;

-вежби за функционална употреба на корегираните гласови во говорот **II. Вежби за корекција на недостатоците во јазичниот развој:**

-вежби за разбирање на говорот;

-вежби за збогатување на речникот;

-вежби за употреба на граматички правилни реченици;

-вежби за сфаќање на одредена говорна целина;

-вежби за развивање на способноста за логички поврзан говор.

**III.Вежби за воспоставување на правилен ритам и темпо на говор:**

-вежби за релаксација;

-вежби за правилно говорно дишење;

-вежби за успорен,мелодичен и течен говор.

## Планирање на дефектолошки и логопедски третман

Кај децата со потешкотии во развојот, со отстапување или заостанување во психофизичкиот развој се планира индивидуален дефектолошки и логопедски третман со примена на одредени вежби за стимулација и поттикнување на психомоторниот и говорниот развој:

**I. Вежби за психомоторна стимулација**

-вежби за развивање на крупна и ситна моторика

-вежби за развивање на аудитивна и визуелна перцепција;

-вежби за развивање на тактилна и кинестетичка перцепција

-вежби за сензорна интеграција

**II.Вежби за стимулација на когнитивниот развој**

-вежби за развивање на способноста за концентрација и внимание;

-вежби за развивање на способноста за забележување

-вежби за развивање на способноста за памтење

-везби за развивање на способноста за мислење

**III.Вежби за стимулација на говорно-јазичниот развој**

-вежби за развивање на способноста за разбирање на говорот;

-вежби за провокација и развивање на орален говор;

-вежби за стимулација и формирање на правилна граматика

-вежби за логичко поврзување и изразување

Логопедот во непосредната работа со децата користи средства за работа,одредени помагала и помошни материјали:

- дрвени шпатули за добивање на правилен , чист и јасен изговор на говорните гласови.

- визуелно помагало (огледало) за визуелна контрола на говорот.

- книги,сликовници,прирачници и разновиден дидактички материјалза стимулација и развивање на говорот и стимулација и поттикнување на целокупниот психофизички развој

Во текот на спроведувањето на логопедскиот третман логопедот користи индивидуална тетратка за секое дете за забележување на вежбите и нивно повторување и увежбување во домашна средина заедно со родителите со цел побрзо добивање на правилни говорно-јазични навики и нивна функционална употреба во говорот.

Кај децата со потешкотии во развојот, дефектолог-логопедот остварува постојана соработка и контакт со родителите на децата, со давање на одредени совети, инструкции и индивидуални вежби за непосредна работа со децата во домашна средина, со цел континуирано и целосно опфаќање и стимулација на овие дечиња за развивање и подобрување на нивните вештини, навики и способности.

## 4.Соработка со воспитно-образовниот тим во установата

Логопедот соработува со воспитно-образовниот тим во установата.

На почетокот на учебната година,врз основа на извршеното тестирање на говорот,логопедот ќе ги запознае воспитувачите со состојбата на говорно-јазичниот развој на децата во нивната група,за секое дете посебно и ќе врши советодавна функција за оние дечиња кои имаат одредени говорни отстапувања.

Дефектолог-Логопедот посебно соработува со воспитувачите кои во својата група имаат деца со потешкотии во развојот со давање на совети и инструкции за комуникација и конкретна работа со овие деца со цел нивно побрзо напредување и интеграција во здрава средина.

Во текот на годината логопедот планира да дава одредени предлози, сугестии и мислења на воспитувачите кои би требало да ги применуваат во текот на активностите за развивање и подобрување на вербалните способности на децата и создавање на правилни говорни навики.

Логопедот во текот на годината планира и повремено вклучување во занимална во големите групи и реализирање на заеднички активности со воспитувачите со опфаќање на сите аспекти на говорот и тоа : правилна артикулација и дискриминација на говорните гласови,употреба на граматички правилни реченици,збогатување на речникот, правилна говорна формулација и изразување,правилен ритам и темпо на говорот и употреба на логички поврзан говор.

Во текот на учебната година логопедот планира и вклучување во сите групни активности во градинката кои се планираат и реализираат од страна на воспитно-образовниот тим.

## 5.Соработка со директорот, педагогот и психологот во установата

Дефектолог-Логопедот постојано соработува со директорот и педагогот во Установата.На почетокот на учебната година, по извршеното тестирање на говорно-јазичниот развој кај децата од големите и средните воспитни групи во трите Објекти и групите во други просторни услови, ќе ги извести за состојбата на говорно-јазичниот развој кај децата на одредена возраст,со бројната застапеност на деца со говорни отстапувања,со видот и со степенот на говорните отстапувања и со можноста за нивна корекција со навремено спроведување на логопедски третман.
Дефектолог-Логопедот ќе ги  известува директорот и педагогот и за бројната застапеност на деца со потешкотии во развојот од сите воспитни групи во трите Објекти и групите во други просторни услови, со видот и степенот на развојните потешкотии, како и со неопходноста за рана стимулација кај овие дечиња за максимално развивање на нивните индивидуални можности и потенцијали со планирање и спроведување на индивидуален дефектолошки и логопедски треман и со постојана соработка со родителите и воспитувачите од соодветната воспитна група.
Логопедот постојано соработува со психологот во установата посебно за дечињата со потешкотии во психофизичкиот развој со размена на стручни мислења.Постојано соработува и остварува размена на стручни мислења и консултации за дечињата со поизразени потешкотии во правилниот ритам и темпо на говорот(Пелтечење), каде причината е најчесто од емоционална природа.

## 6.Соработка со родителите на децата опфатени со Логопедски и Дефектолошки третман

Логопедот планира соработка со родителите посебно со родителите на децата кои имаат поголеми и посложени говорни отстапувања.
Соработката со родителите ќе се остварува со давање на совети  во врска со правилниот говорно јазичен развој на нивните деца.

Кај децата кај кои ќе бидат откриени говорни отстапувања,на родителите ќе им се даваат одредени совети и конкретни инструкции и вежби кои тие треба да ги спроведуваат во домашна средина со цел изградување на правилни говорни навики кај нивните деца.

Логопедот планира посебна соработка со родителите на деца со потешкотии во развојот со постојано давање на совети и инструкции за работа за интензивна и комплетна стимулација на нивните деца со цел поттикнување и развивање на нивните можности и потенцијали и побрзо напредување на нивниот целокупен психофизички развој.

## 7.Водење на логопедска и дефектолошка документација

•Логопедот изготвува,,План и Програма за работа''за тековната година

•Води и поседува евиденција од извршеното тестирање на говорот кај децата од големите и средните воспитни групи

•Води евиденција и изготвува,,Општ Извештај за состојбата на говорно-јазичниот развој кај децата од големите и средни восп. гр''

•Изготвува,,Извештај за состојбата на говорно-јазичниот развој'' за секоја тестирана голема воспитна група

•Води и поседува евиденција за деца со потешкотии во развојот

•Води,,Досие''за секое дете опфатено со индивидуален логопедски или дефектолошки третман

•Води,,Работен Дневник'' со секојдневно реализирани активности

•Изготвува,,Завршен Извештај за постигнатите резултати од спро-ведениот логопедски или дефектолошки третман''за секоја голема воспитна група

•Изготвува,,Годишен Извештај за работа на Дефектолог-Логопед''

## 8.Соработка со стручни лица и стручни институции

Логопедот остварува соработка со стручни лица и стручни институции.

Кај децата кај кои ќе бидат откриени одредени органски или функционални отстапувања со цел истите да се корегираат, ублажат или отстранат,се упатуваат кај стручни лица:аудиолог,стоматолог,орто-донт,оториноларинголог,детски невропсихијатар и други стручни лица.

Логопедот остварува долгогодишна соработка со,,Центарот за слух, говор и глас'' во Скопје. Кај дечињата кај кои ќе биде забележано поголемо отстапување и заостанување во говорно-јазичниот развој ќе се упатуваат на комплетно испитување во оваа стручна установа.

Дефектолог-Логопедот соработува со ,,Завод за ментално здравје’’-Скопје.Кај дечињата кај кои се забележува помало или поголемо отстапување или заостанување во психофизичкиот развој се упатуваат на комплетно испитување во оваа установа.
Логопедот остварува соработка и комуникација со своите колеги низ Републиката со размена на стручни и практични искуства.
Дефектолог-Логопедот по потреба остварува соработка и со други стручни лица и стручни институции.

## 9.Индивидуално стручно усовршување

Дефектолог-Логопедот стручно ќе се усовршува со учество на стручни семинари,обуки,предавања, со следење на стручни списанија и со следење на нова стручна литература и методологија на работа.

## 6.5. ПЛАН И ПРОГРАМА НА ЛИКОВНИОТ ПЕДАГОГ

Ликовниот педагог е носител во унапредувањето на ликовното воспитание на децата од ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “. Своите активности тој ќе ги планира со цел збогатување на социоемоционалниот живот на децата , да се воведат во светот на ликовната уметност, преку перцепирање, доживување, творење и проценување на убавото во визуелната стварност и ликовните творби. Ќе се придонесува за сестран развој на детската личност. Многу е битно децата од предучилишната возраст постепено да се воведуваат во ликовната култура во оној обем кој одговара на нивната возраст.

Своите активности за учебната 2022/23 г. ликовниот педагог ќе ги планира преку следните задачи :

-Ќе го побудува интересот и желбата за самостојно ликовно изразување
-Ќе го насочување вниманието на децата кон богатството на боите и формите во визуелната стварност, во ликовните творби и со тоа развивање на смисла за убавото.
-Ќе се труди да го збогатува ликовното изразување кај децата со избор на блиски теми и мотиви достапни на нивната возраст.
-Континуирано ќе се труди да ги оспособува децата за користење на ликовните техники и материјали, согласно со нивната возраст.
-Ќе формира хигиенско работни навики како и потреба за уредност при ликовното творење

-Ќе настојува да развива способност за вреднување на сопствените ликовни творби и творбите на другите деца
-Ќе соработува со директорот и педагогот во изготвувањето на годишната програма
-Ќе соработува со воспитно-образовниот тим
-Ќе им дава стручна на воспитувачите при планирањето на активностите од соодветната област
-Дирекно ќе учествува во организација на прославите и приредбите преку целата учебна година и ќе дава стручна помош за естетскиот изглед на сцената
-Ќе учествува во уредувањето на паноата
-Ќе учествува на сите ликовни конкурси и ќе учествува во реализацијата на тековниот проект
-Ќе се грижи за уредување на ентериерот на градинката и занималните посебно
-Индивидуално стручно ќе се усовршува.

## 6.6. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ

Советот на воспитувачи при ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,, - Неготино ја подготвува и усвојува Годишната програма на Совет на воспитувачи за учебната 2022/2023 година. Советот ќе работи на планот на воспитно-образовно делување , унапредување и внесување на новини во практичната дејност низ разни форми, начини и можности.

Целокупната работа ќе ја насочи во професионално унапредување и издигнување на воспитниот тим низ многубројни едукативни семинари, работилници и непосредна практична работа со деца.

Покрај редовните програмски активности кои ќе бидат планирани, во годишната програма , ќе бидат планирани и активности согласно потребите на децата, семејствата и актуелните случувања во потесната и пошироката општествена средина.

Ќе се планираат и активности предвидени со проектите посочени од МТСП на С.Р.Македонија, а ќе се дискутира и за нивно поефикасно реализирање и евидентирање. Како и предходните години, така и оваа година ќе се продолжи со поинтензивно медиумско информирање на јавноста за тековните активности со деца кои се планираат и реализираат во текот на учебната 2022/2023год во сите воспитни групи.

Советот на воспитувачи ќе се состанува еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати во текот на годината.На своите состаноци ќе се презентираат темите за

работа по сите воспитни групи, како и нивна евалуација од страна на воспитувачите.

*Советот на воспитувачи ги планира следниве активности по месеци :*

| | |
|---|---|
| Август /Септември | • Констатирање на фактичката состојба во установата на почетокот на учебната година: бр.на деца по возрасни групи, формирање на групи и распоред.<br>• Договор за органзирање на пригодни активности за почетокот на учебната година.<br>• Договор и планирање на активности кои ќе се реализираат по повод Детската недела.<br>• Определување на дидактика и материјали за работа кои ќе се користат во учебната година.<br>• Договор за одржување на родителски средби со родители/групни и индивидуални.<br>• Договор за изготвување на Годишна програма за сите воспитни групи.<br>• Презентирање на Извештај на Програмата за работа на Совет на воспитувачи.<br>• Договор за водење на педагошка евиденција и документација: е- дневник; користење на прирачници за работа со деца ,за возрасни групи од 3-4; 4-5; 5-6 години |

| | |
|---|---|
| Октомври | • Презентирање на теми од страна на воспитувачи кои ќе се реализираат во текот на годината.<br>• Презентирање на План и програма за работа на Совет на воспитувачи.<br>• Презентирање на План и програма на стручните служби во установата.<br>• Презентирање на Програмата на Советувалиште за деца и родители.<br>• Планирање на активности за вклучување на децата по повод 8-ми Ноември-ослободување на Неготино.<br>• Планирање не пригодни активности за испраќање на Есента.<br>• Договор за вклучување за одбележување на ,,Недела на стари и изнемоштени лица,, |
| Ноември | • Разгледување можности за учество на конкурси од различни воспитно-образовни подрачја.<br>• Анализа на постоечката литература која може да се користи за поуспешна работа со деца.<br>• Планирање на активности и материјали за понатамошно реализирање на проектите. |
| Декември | • Анализа на реализираните проектни активности во првото тромесечие.<br>• Временско утврдување на активности кои ќе се реализираат по повод Нова година со децата во градинката.<br>• Планирање на активности за традиционалните Божиќни обичаи во градинката. |
| Јануари | • Содржинско исполнување на деновите од зимскиот распуст.<br>• Планирање на активности за наредниот период. |

| | |
|---|---|
| Февруари | • Извештај за реализрани проектни активности  и проектни настани од првото полугодие од страна на секој координатор на проект.<br>• Планирање на понатамошни активности за проекти.<br>• Активности по повод 8-ми Март- ден на мајката.<br>• Активности поврзани со проектите.<br>• Планирање на активности за одбележување на денот на екологијата и неделата на екологија.<br>• Договор за одбележување на имендента на објект ,,Пролет,, |
| Март | • Предлог на активности за одбележување на Велигденските празници во градинката.<br>• Анализа на реализираните проектни активности и планирање на понатамошни активности во врска со проектите.<br>• План за учество  на маскенбал кој го организира Општина Неготино  и одбележување на денот на шегата преку разни активности со деца.<br>• Разгледување на предлог  сценарио од страна на воспитувачи од  големите групи за завршни приредби. |
| Април | • Подготовки околу одбележувањето на патрониот празник на установата и организирање на Детската олимпијада.<br>• Планирање на пролетен  ден во природа .<br>• Анализа на реализираните проектни активности и планирање на понатамошни активности во врска со проеектите.<br>• Дополнителни подготовки за реализрање на завршните приредби. |
| Мај/Јуни | • Презентирање и евалуација на реализираните активности по проекти.<br>• Планирани  активности  и материјали  за завршните приредби.<br>• Извештај за остварените активности од работата на Советот на воспитувачи |

Во текот на годината во зависност од моменталните потреби на воспитниот тим во склоп на средбите на Совет на воспитувачи, ќе се разработуваат актуелни теми во форма на работилници, семинари и сл.

Континуирано ќе се остварува соработка со стручните служби и тоа :

- Со педагогот- за унапредување на воспитно-образовната работа преку организирање на работилници, семинари , заеднички активности и др.
- Со психологот- за канализирање на одредени психолошки состојби кои се јавуваат кај децата ( анксиозност, фрустрација, асоцијално однесување и сл).
- Со логопедот- со цел да се интензивира групната и индивидуална раабота со деца од големите и средните групи.
- Со ликовниот педагог- за вклучување во работа со деца за поттикнување и откривање на ликовниот талент на надарени деца, како и деца кои имаат потешкотии со ликовното изразување.

Сите измени и дополнувања кои не се предвидени во Програмата ќе бидат изнесени во Годишниот извештај за работа на Советот на восспитувачи за учебната 2022/2023год.

## 6.7. ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТ НА НЕГОВАТЕЛКИ

Советот на негователки при ЈУОДГ,,Фемо Кулаков,,-Неготино ја подготвува и усвојува Годишната програма на Советот на негователки за 2022/2023 година. Покрај редовните програмски активности кои ќе бидат планирани, во програмата ќе бидат планирани и активности согласно потребите на децата, семејствата и актуелните случувања во општествената средина и пошироко.

Советот на негователки ќе се состанува еднаш на два месеца. На своите состаноци ќе дискутира за тековните проблеми и случувања, секако поврзани со активностите кои ги планира и реализира Советот на воспитувачи, Советот на родители и активности поврзани со Развојниот план на установата.

Во рамките на програмските активности Советот на негователки ги планира активностите по месеци :

| | |
|---|---|
| ***СЕПТЕМВРИ ОКТОМВРИ*** | • Констатирање на фактичката состојба во установата на почетокот на учебната година : број на деца по возрасни групи, формирање на групи и распоред<br>• Преставување  на форми на престој на деца<br>• Информација за организирање на пригодни активности за почетокот на учебната година.<br>• Информација за активности кои ќе се реализраат по повод  Детската недела.<br>• Презентирање на предлог план и програма за работа на Советот на негователки.<br>• Презентирање на план и програма за работа на Советот на негователки за 2022/2023 год.<br>• Информација за активности за вклучување на децаата во активности по повод 8 –ми Ноември/Ден на ослободување на грда Неготино.<br>• Тековни проблеми во работењето на негователките<br>• Работни задачи и комуникација со деца и родители. |
| ***НОЕМВРИ ДЕКЕМВРИ*** | • Информација за вклучување во неделата на стари и изнемоштени лица.<br>• Анализа на реализираните проектни активности и планирање на понатамошни активности во врска со проектите<br>• Временско утврдување на активности кои ќе се реализраат по повод Нова година со децата во градинката.<br>• Планирање на традиционалните Божиќни празници и обичаи во градинката со децата. |
| ***ЈАНУАРИ ФЕВРУАРУ*** | • Содржинско исполнување на деновите од зимскиот распуст.<br>• Активности по повод  денот на мајката<br>• Активности поврзани со проекти предложени од страна на МТСП<br>• Планирање на активности за одбележување на денот на Еколгијата. |

| | |
|---|---|
| ***МАРТ***<br>***АПРИЛ*** | • План за организраање на мааскенбал и одбележување на денот на шегата.<br>• Информација за одбележување на најголемиот Христијански празник ,,Велигден,,<br>• Подготовки околу одбележување на патрониот празник на нашата градинка. |
| ***МАЈ***<br>***ЈУНИ*** | • Планирани активности и материјали за завршни приредби.<br>• Временско определување за одржување на завршни приредби.<br>• Извештај за остварените активности од работата на Советот на негователки. |

Континуирано ќе се остварува соработка и со стручните работници ,како и советувалиштето за деца родители ,,Виножито,, во установата.
Сите измени и дополнувања  кои не се предвидени во програмата , ќе бидат изнесени во Годишниот извештај на Советот на негователки.

## 6.8. План и програма на совет на родители

Советот на родители на ЈУОДГ “Фемо Кулаков” од Неготино, својата работа ја планира и истата ја реализира во неколку насоки:
- Меѓусебно информирање, соработка и договор со воспитно-образовниот тим и стручната служба на детската градинка,
- Вклучување во планирањето и реализирањето на одредени активности со деца,
- Едукација на родителите за подобро родителство од страна на педагогот на установата,
- Активирање за подобрување и унапредување на условите за престој на децата во детската градинка.
Како и претходната година така и оваа година решивме Програмата и планот да ги поделиме во два дела, односно Програма и план за првото полугодие (септември, октомври, ноември и декември) и Програма и план за второто полугодие ( јануари, февруари, март, април, мај и јуни).

Директно со Советот на родители ќе работи педагогот на установата
Во тек е формирање на ново претседателство поради истекот на мандатот на истото, а тоа ќе се формира откако ќе бидат делегирани членови кои ќе бидат избрани на родителските средби кои ќе бидат реализирани на крај на месец септември
Планираните активности на Советот на родители по полугодие:

## ПРВО ПОЛУГОДИЕ

| Месец во годината 2022 | Програма и план |
|---|---|
| **Септември / октомври** | - формирање на телото со нови членови и претседателство<br>- Изготвување предлог годишна програма за работа на Советот на родители за учебната 2022-2023 година ( подготвена од педагогот )<br>- Усвојување на годишната програма за работа на Советот на родители.<br>- Информација за осигурување на децата<br>- Информација за уплата на материјали за работа со децата по воспитни групи<br>- Запознавање со активностите по повод детската недела, како и запознавање на родителите со планираните проекти за работа со децата. |
| **Ноември / декември** | - Запознавање и учество во есенска работилница (традиционална храна, зимница, храна од свежо и суво овошје).<br>- Анализа на досегашните активности со децата<br>- Анализа на потребите и можностите за обука со родителите од страна на стручната служба<br>- Запознавање и вклучување во активностите по повод одележувањето на 3 декември,<br>- Организација и учество во престојните Новогодишни празници. |

## ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

| Месец во годината 2023 | Програма и план |
|---|---|
| **Јануари / февруари** | - Анализа на потребите на детската градинка, како и анализа на досегашните активности и планирање на наредните,<br>- Планирање на активности по повод денот на Екологијата,<br>- Организација и учество по повод празникот Св. Трифун, |
| **Март / април** | - Вклучуање во активностите по повод доаѓање на Пролетта,<br>- Организирање и учество во одбележување на празникот 8 Март,<br>- Планирање на организацијата за денот на шегата 1 Април,<br>- Организација и учество по повод денот на шегата 1 Април,<br>- Вклучување во активностите по повод Велигденските празници |
| **Мај / јуни** | - Тековни активности за реализација на предвидените проекти,<br>- Запознавање со активностите  за завршната приредба,<br>- Доколку има можност ,организирање  посета на Зоолошката градина во Скопје<br>- Подготока на извештајот за работата на Советот на родители за тековната година. |

Советот на родители може да се вклучи во сите активности каде воспитниот кадар има потреба (превоз на деца до одредена локација, помош при изработка на поголеми проекти и декорации, итн).
Во текот на престојната година исто така ќе има и неколку планирани едукативни работилници со активно учество на родителите, а организирани од педагогот и воспитиот тим во градинката.

## 6.9. ПЛАН И ПРОГРАМА НА СОВЕТУВАЛИШТЕТО ЗА ДЕЦА И РОДИТЕЛИ

Согласно член 169 став 1 и 2 од Законот за заштита на децата ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “- Неготино, работи Советувалиште за деца и родители „ Виножито “.

Работата во советувалиштето ќе ја врши стручен тим од стручни работници составен од педагог, психолог и логопед. Секој член на стучниот тим подготвува своја програма за работа и работи во своите матични канцеларии, а по потреба и заедно во друга просторија од детската градинка. Тимот од советувалиштето за деца и родители „ Виножито “ ќе ја користи богатата стручна литература и постојните аудио-визуелни средства .

Советувалиштето ќе има за цел целосно да пружи целосна подршка на родителите и децата , да даде совети во поглед на сите проблеми и нејаснотии кои се поврзани за престојот на детето во градинка , но и помош и совет за животот на детето во семејството. Целосно ќе работи на надминување на проблемите што се јавуваат кај децата и помош за нивно прилагодување на условите во градинката. Советувалиштето ќе дава советодавни услуги на раководството на градинката во секојдневното работење со цел унапредување на целокупната дејност на градинката. Работата на советувалиштето ќе биде насочена и во остварување на соработка со надворешни заедници и институции со цел осовременување и напредок на работа во градинката.

Мисијата на советувалиштето за деца и родители „ Виножито “ еградење и зацврстување на партнерски однос ДЕТЕ _ СЕМЕЈСТВО _ ГРАДИНКА со цел формирање на здрава детска личност.

Својата работа ќе ја планира и реализира преку следните форми на работа :

- индивидуални средби
- групни средби
- форум сеанси
- терапија преку игра
- советодни сеанси
- психотерапија
- трибини
- едукативни работилници
- родителска средби
- давање на корисни совети

**1.Советување за деца**

- помош при адаптација во градинка

- помош во прилагодување на децата кон условите на средината во детската градинка;
- помош на деца со семејни проблеми
- помош на деца со развојни кризи
- помош на деца со говорни одстапувања
- помош на деца со воспитно-образовни поешкотии
- работа со надарени деца
- помош при премин на децата од една во друга воспитна група или од една во друга градинка и транзиција во училиште;
- работа со деца кои имаат АДХД

**2.Советување за родители**

- семејно советување (со двајцата родители);
- поддршка на родителите во обезбедувањето на
- оптимални услови за развој на детето во семејната средина преку подигнување на нивото на педагошка едукација;
- помош при тешка адаптација во нова средина
- педагошки совети за воспитување
- психолошки третмани при нарушени семејни односи
- логопедски третман – насоки
- помош при препознавање на специфични развојни проблемитепедагошки совети за јакнење на родителски компетенции
- споделување на ефикасни техники за работа со надарени деца
- решавање на проблеми и дилеми при негата и згрижувањето на детето

- **3.Соработката со надворешни заедници и институци**

- - организирање и учество во стручни советувања од областа во која работи;
- - соработка со институции за обука, педагошки факултети;
- -теоретски предавања и работилници;
- -соработка со медиуми и афирмирање на градинката.
-

**4.Организирање на стручни предавања**

- работилници;
- семинари;
- советувања;
- теоретски предавања.

Индивидуалните планови на стручните лица ќе бидат доставени како посебен анекс доколку се обезбедат услови за непречено одвивање на воспитно – образовната дејност

## ВРАБОТЕНИ ВО ЈУОДГ „ФЕМО КУЛАКОВ“ - НЕГОТИНО

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Нада Најдова | вд. Директор | Определено (до истек на мандат) |
| 2 | Зорица Јовановска | Педагог | Редовен раб.однос |
| 3 | Валентина Сакламаева | Логопед | Редовен раб.однос |
| 4 | Веселинка К. Штипски | Лик .с. соработник | Редовен раб.однос |
| 5 | Славчо Јованов | Социјален работник | Редовен раб.однос |
| 6 | Весна Недева | Советник - сметководител | Редовен раб. Однос |
| 7 | Горан Алтанџиев | Советник - секретар | Редовен раб. Однос |
| 8 | Весна Нацева | Психолог | Редовен раб. Однос |
| 9 | Весна Здравковиќ | Воспитувач | Редовен раб. Однос |
| 10 | Елизабета Петрова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 11 | Елизабета Димова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 12 | Рајне Чукаркова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 13 | Станка Пецова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 14 | Виолета Петрова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 15 | Ана Јанева | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 16 | Теодора Стојкова | Воспитувач | Редовен .раб однос |
| 17 | Валентина Мукаетова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 18 | Весна П.Соколова | Воспитувач | Редовен раб. Однос |
| 19 | Јана Коцева | Воспитувач | Редовен раб. Однос |
| 20 | Павлинка Василева | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 21 | Цветанка Јованова | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 22 | Душанка Димитријова.С | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 23 | Весна Маркова | Воспитувач приправник | Редовен раб.однос |
| 24 | Тајна Крстева Миноска | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 25 | Евгенија Ѓорева | Воспитувач | Редовен раб.однос |
| 26 | Невенка Арсова | Негувател | Редовен раб.однос |
| 27 | Марија Мишева | Негувател | Редовен раб.однос |
| 28 | Марија Гут Бошкова Данова | Негувател | Редовен раб.однос |
| 29 | Розеана Лефтерова | Негувател | Редовен раб.однос |
| 30 | Васка Трајковска | Негувател | Редовен раб.однос |
| 31 | Љубица Јованова | Негувател | Редовен раб.однос |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 32 | Варвара Спасев | Неговател | Редовен раб.однос |
| 33 | Марика Јовановиќ | Неговател | Редовен раб.однос |
| 34 | Лилјана Милошевска | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 35 | Савица Волчева | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 36 | Цанка Тефова | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 37 | Жаклина Трпкова | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 38 | Родна Лазарова | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 39 | Стефанија Златковиќ | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 40 | Тимка Кадиева | Неговател | Редовен раб. Однос |
| 41 | Гордана Најдова | Неговател | Редовен раб.однос |
| 42 | Дијана Димитриевиќ | Неговател | Редовен раб.однос |
| 43 | Благица Думова | Неговател | Редовен раб.однос |
| 44 | Марија Шарац | Неговател | Редовен раб.однос |
| 45 | Љубица Волчева | Неговател | Редовен раб.однос |
| 46 | Зорица Витанова | Медицинска сестра приправник | Редовен раб.однос |
| 47 | Љупка Миленкова | хигиеничар | Редовен раб.однос |
| 48 | Елизабета Милева | Хигиеничар | Редовен раб однос |
| 49 | Македонка Петровска | Хигиеничар | Редовен раб.однос |
| 50 | Сања Богева | Хигиеничар | Редовен раб.однос |
| 51 | Маја Димова | Хигиеничар | Редовен раб.однос |
| 52 | Евгенија Махлијанова | Хигиеничар | Редовен раб.однос |
| 53 | Панда Станоева | Хигиеничар | Редовен раб.однос |
| 54 | Андреј Тренчев | кувар | Редовен раб.однос |
| 55 | Дафинка Николова | Пом. готвач | Редовен раб.однос |
| 56 | Јелица Димова Антиќ | Пом. готвач | Редовен раб.однос |
| 57 | Жаклина Милиќ | Садомијач. сервирка | Редовен раб. Однос |
| 58 | Тодорка Јефремова | Садомијач.сервирка | Редовен раб.однос |
| 59 | Никола Бекчев | Магазинер домаќин | Редовен раб.однос |
| 60 | Петре Ампов | Хаус мајстор | Редовен раб.однос |
| 61 | Сашко Ванчов | Хаус мајстор | Редовен раб.однос |
| 62 | Горан Методиев | Градинар | Редовен раб.однос |
| 63 | Тони Атанасов | Градинар | Редовен раб.однос |
| 64 | Елизабета Најдова | Воспитувач | Договор за изв на работа |
| 65 | Марија Ивановска | Воспитувач | Договор за изв на работа |
| 66 | Даниела Јовева | Воспитувач | Договор за изв на работа |
| 67 | Трајанка Ставрова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 68 | Јасминка Зазова | Неговател | Договор за изв на работа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 69 | Благица Вецеска Стефановска | Неговател | Договор за изв на работа |
| 70 | Кирјана Колева | Неговател | Договор за изв на работа |
| 71 | Виолета Петрова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 72 | Снежана Раденковиќ | Неговател | Договор за изв на работа |
| 73 | Рајна Чускиева | Неговател | Договор за изв на работа |
| 74 | Виолета Петрова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 75 | Марија Крстева | Неговател | Договор за изв на работа |
| 76 | Лилјана Милошевска | Неговател | Договор за изв на работа |
| 77 | Анета Дупкарова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 78 | Славица Николова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 79 | Душанка Павлова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 80 | Билјана Трајкова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 81 | Цветанка Ристова | Неговател | Договор за изв на работа |
| 82 | Лидија Чонкова | Хигиеничар | Договор за изв на работа |
| 83 | Билјана Стојанова | Хигиеничар | Договор за изв на работа |
| 84 | Даниела Лазарова | Хигиеничар | Договор за изв на работа |
| 85 | Стефка Арсова | неговател | Договор за изв на работа |

ЈУОДГ „ Фемо Кулаков “Неготино

Вд. Директор

Нада Најдова

____________